Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје

**Филозофски факултет**

Институт за психологија

# Индивидуални фактори на ризик за извршување и доживување насилство во романтичните врски кај адолесцентите

***МАГИСТЕРСКИ ТРУД***

Ментор:
**Проф. д-р Николина Кениг**

Студент:
**Димитринка Јорданова Пешевска**

Скопје, 2014 година

# БЛАГОДАРНОСТ

Би сакала да ја изразам својата огромна благодарност кон менторката на магистерска теза, проф. д-р Николина Кениг, за нејзината континуирана поддршка и следење на процесот на изготвување на овој труд, преку стручните насоки и сугестии во правец на унапредување и подобрување на трудот.

Голема благодарност би сакала да им изразам на членовите на рецензентската комисија Доц. д-р Ана Фритцханд и Доц. д-р Катерина Наумовска за нивните стручни и корисни коментари и сугестии за подобрување на магистерскиот труд.

Ја користам оваа можност да им се заблагодарам на сите ученици и студенти кои учествуваа во истражувањето и со тоа придонесоа во можноста за подготовката на овој труд.

Огромна благодарност за мојата внука Тамара, психолог, која ми даде неизмерна поддршка преку нејзините коментари и сугестии и секако постојано ми беше зад петици, проверувајќи ме, дали ги следам АПА стандардите.  Огромна благодарност би сакала да изразам на мојата снаа Вале, која ја направи јазичната проверка на трудот.

Секако, би сакала неизмерно да им се заблагодарам на членовите на моето семејство мојата ќерка Ања, синот Матеј и сопругот Стево кои беа фантастично трпеливи со мене, во овој период на исклучителна напнатост и стрес додека го подготвував трудот. Огромна благодарност до мојата мајка Љубинче, без чија поддршка немаше да бидам во можност да работам со леснотија бидејќи има кој да се „грижи“ дома, и на мојот татко Велин, со мене во мислите, кој ми беше уште еден мотив повеќе.

# СОДРЖИНА


1. ВОВЕД ........ 1

Истражувачки проблеми и цели на истражувањето ........ 3

2. ТЕОРИСКА ПОЗАДИНА ........ 4

Насилство ........ 4

Насилството од интимниот партнер ........ 8

Насилство од интимниот партнер во адолесцентните партнерски односи ........ 10

Фактори на ризик за партнерското адолесцентно насилство ........ 14

РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА ........ 24

Истражувачки хипотези ........ 30

Испитаници ........ 33

Мерни инструменти и варијабли во истражувањето ........ 36

Постапка ........ 42

Статистичка обработка на податоците ........ 43

3. РЕЗУЛТАТИ ........ 44

4. ДИСКУСИЈА ........ 75

5. РЕЗИМЕ ........ 86

6. EXECUTIVE SUMMARY ........ 89

7. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ........ 92

ПРИЛОЗИ ........ 103

ПРИЛОГ 1 ........ 103

ПРИЛОГ 2 ........ 112

ПРИЛОГ 3 ........ 113

ПРИЛОГ 4 ........ 114

# ВОВЕД

Насилството од интимниот партнер долго време беше тема на голем број истражувања иако главниот фокус беше ставен на возрасните и брачните парови. Од неодамна партнерското насилство во адолесцентните врски стана значаен предмет на интерес во стручните и во истражувачките кругови.

Ниту една држава или заедница не е имуна на насилството, истакнува *Светскиот извештај за насилство и здравје* на Светска здравствена организација (СЗО) од 2002 (Krug, Dahlberg, Mercy, Zwi & Lozano, 2002). Преку Резолуцијата 56.24 (2003) на Собранието на Светска здравствена организација превенцијата на насилството се постави како приоритетно прашање и главен јавно-здравствен проблем низ целиот свет. Покрај останатите предизвици, вниманието на политичките лидери и стручните експерти беше свртено и кон превенција на насилството врз жените и девојките како особено ранлива група, кога е во прашање насилството.

Насилството од интимниот партнер, се смета дека е една од најшироко распространетите злоупотреби на човековите права и проблем на психологијата и јавното здравје во светот денес, засегајќи ја секоја трета жена или девојка во светот. Тоа е исто така екстремна манифестација на родовата неправедност кон жените и девојките поради нивната подредена положба во општество (Velzeboer, 2003). Покрај тоа што насилството од интимниот партнер претставува кршење на основните човековите права, тоа, исто така, длабоко ја нарушува физичката, сексуалната, репродуктивната, емоционалната, менталната и социјалната благосостојба на поединците и семејствата (Krug et al., 2002).

Меѓународниот интерес и фокус кон ова прашање јасно се истакнува преку донесувањето на значајни препораки и резолуции за превенција и справување против насилството врз жените и семејното насилство. Препораките на Комитетот на министри на Советот на Европа: Препораката Rec (2002)5 за заштита на жените од насилство; Препораката (Rec(2007)17) за стандарди за родова еднаквост и механизми; Препораката (Rec(2010)10) за улогата на жените и мажите во превенцијата на конфликти и резолуција во градењето на мирот, како и резолуциите на СЗО: Резолуцијата (WHA49.25) на Собранието на Светска здравствена организација „Спречување на насилство: јавно-здравствен приоритет", во 1996

година; Резолуцијата (WHA50.19) на Собранието на Светска здравствена организација „Превенција на насилството“ во 1997 година, Резолуцијата (WHA56.24) на Собранието на Светска здравствена организација во 2003 година „Имплементација на препораките на *Светскиот извештај за насилство и здравје.* Спроведувањето на меѓународните конвенции, резолуции и препораки на национално ниво ќе придонесе за справување со проблемот на семејното насилство и насилството од интимниот партнер и ќе поттикне понатамошни истражувања со цел превземање на активности за превенција и намалување на застапеноста на овој вид насилство во општеството.

Семејното насилство и насилството од интимниот партнер кај возрасните и брачните парови беше мошне проучувана тема. Сепак во последните 30 години партнерското насилство во адолесцентните врски со своите карактеристики стана актуелна истражувачка тема. Насилство од интимниот партнер во романтичните врски се јавува пред сè во адолесцентиот период и во раното зрело доба. Појавата на насилство во рамки на партнерските односи во романтичните врски кај адолесцентите се смета за значаен фактор за појава на насилство од интимниот партнер во нивниот адултен период.

Добивање на подетални информации за партнерското насилство кај адолесцентите во романтичните врски кај нас, како и идентификување на некои од индвидуалните фактори на ризик, би овозможило понатамошни чекори кон превенција на насилството во романтичните врски кај адолесцентите. Можните начини за превенција на индивидуално ниво се превентивните и интервентните програми насочени кон спречување на понатамошна виктимизација на адолесцентите во зрело доба, стекнување на вештини за градење на квалитетни интимни релации во понатамошното возрасно доба, надминување на родовите стереотипи и промена на ставовите во однос на нормите кои одат во прилог на прифаќањето на насилството, програми за унапредување на вештините за справување на конфликтите, јакнење на личните капацитети и здрави животни навики и стилови.

## Истражувачки проблеми и цели на истражувањето

Земајќи предвид дека насилство во адолесцентните врски е значаен предмет на интерес во истражувачките кругови, од аспект на влијанието на различни фактори на ризик врз извршувањето и доживувањето на насилството кај адолесцентите во ова истражување беа поставени два проблеми:

1. Каква е поврзаноста помеѓу извршеното и доживеаното насилство во романтичните врски од интимниот партнер со самодовербата, родовите стереотипи, прифаќањето на насилството, агресивноста, вештините за разрешување конфликти и употребата на супстанции кај адолесцентите од машки и женски пол во средната и доцната адолесценција?

2. Дали има разлики помеѓу двете развојни групи во однос на можноста да се предвидат извршеното и доживеаното насилство од интимниот партнер врз основа на самодовербата, родовите стереотипи, прифаќање на насилството, агресивноста, вештините за разрешување конфликти и употребата на супстанции?

Овој труд, освен што ќе даде подетална слика за насилството од интимниот партнер кај адолесцентите во нашата средина, како рана форма на насилство во романтичните врски (dating violence), има за цел да ја идентификува поврзаноста на индивидуалните фактори на ризик со извршеното и доживеаното насилството во романтичните врски кај адолесцентите. Исто така, истражувањето е насочено кон утврдување на значајните предиктори на извршеното и доживеаното насилство во партнерските врски кај адолесцентите. Апликативната цел на овој труд е да даде понатамошни сугестии и насоки во однос на превенцијата на насилството во романтичните врски кај адолесцентите, засновани на резултатите од истражувањето.

# ТЕОРИСКА ПОЗАДИНА

## Насилство

*„Дваесетиот век ќе биде запаметен по насилството, како што се масовните уништувања и насилства какви не памети човечката историја... помалку видливо, но уште пораспространето и позагрижувачко е насилството зад затворените врати -наследство кое им го оставаме на идните генерации, а тоа е секојдневното индивидуално страдање на злоупотребените деца, повредените и омаловажените девојки и жени..."* истакнува Нелсон Мендела во предговорот на *Светскиот извештај за насилство и здравје, 2002.*

Подолг временски период, насилството се сметаше како кривично-правно прашање, кое загрижува, од аспект на човековите права. Но, во изминатите децении, насилството беше јасно поставено и како проблем од јавно-здравствен интерес. Здравствените системи, пред сѐ, имаат клучна улога на сите нивоа на превенција како и обезбедување услуги за жртвите на злоупотребата и занемарувањето, кои претрпеле физички повреди и/или психолошка повреда (World Health Organization, 2007). Насилството и последиците од насилството се присутни во медиумите, на улиците, во нашите домови, во училиштата, на работа, низ целокупниот културен идентитет изразен и низ јазикот, говорот, и насекаде околу нас.

Во современите проучувања и истражувања за насилството кај адолесцентите акцентот сѐ повеќе се става врз интеграција на различните дисциплини. Различните нивоа на човековата интеграција како што се: биолошките, психолошките, бихевиоралните, здравствените, социјалните, еколошките и историските – сите имаат комбинирано влијание на развојот на секое поединечно човечко битие. Токму поради тоа, денес науката има цел да направи интеграција на теориските и методолошките вештини од различни дисциплини, кои овозможуваат промените да бидат разгледани и разбрани на сите нивоа.

Насилството влијае врз заедниците, загрозувајќи ги животот, здравјето и среќата на луѓето. Да се работи на спречување на насилството значи да се работи на

разоткривање на тајните, табуата на насилното однесување, преку отворање на дебата за поголемо разбирање на овој сложен процес. Секако, објавувањето на *Светскиот извештај за насилство и здравје 2002,* во голема мера придонесе за разбирање на насилството и неговото влијание врз општеството и поединците. Се обрна внимание на разгледување на големината и обемот на проблемот на насилството, факторите кои водат до насилството, како и мерките за негово спречување (Cornelius & Resseguie, 2007).

Во европскиот регион на СЗО, со вкупно 53 земји, смртни случаи како резулат на насилство се околу 160.000 луѓе секоја година, а од нив околу 31.000 умираат од интерперсонално насилство, 123.000 од самонанесено насилство и 2000 од војни (Sethi, Jordanova Peshevska, 2014; World Health Organization, 2013a). Смртните случаи се само врв на ледениот брег и зад секој смртен случај стојат бројни случаи на полесни и посериозни повреди, како резултат на насилството.

Постојат повеќе дефиниции за насилството кои ставаат помалку или повеќе акцент врз различните аспекти што го сочинуваат, но со сигурност може да се тврди дека најкористената дефиниција во последнава деценија е таа која е предложена од СЗО. Светска здравствена организација (Krug et al., 2002 стр. 5) го дефинира насилството како:

„*Намерна употреба на физичка сила или моќ, со закана или конкретно загрозување, против себе, друго лице, група или заедница чија последица или можна последица е повреда, смрт, психолошко наштетување, нарушен развој или каква било деривација.*"

Дефиницијата која ја употребува СЗО става акцент на интенционалноста или намерата за изведување на насилничкиот акт, без разлика на исходот. Друг значаен аспект, кој имплицитно е вклучен во дефиницијата, е препознавањето на сите акти на насилство, без разлика на тоа дали тие се во јавната или во приватната сфера, дали се реактивни или проактивни или дали во конкретни средини имаат третман на криминални или некриминални акти. Вклучувањето на поимот „моќ" исто така овозможува проширување на дефиницијата не само на физичките последици од насилството туку и вклучување на психичкото, сексуалното насилство и занемарувањето. Секој од овие поединечни аспекти се значајни во разбирањето на причините за насилството и секако во дизајнирањето на истражувањата,

превентивните програми и програмите за заштита на жртвите (Sethi, Marais, Seedat, Nurse & Butchart, 2004). Дефиницијата исто така прави разлика меѓу намерата да се повреди другиот и намерата да се употреби насилство. Насилството и поимите за тоа што е прифатливо и неприфатливо во однесувањето и што претставува повреда, се под влијание на одредена култура и постојано се врши нивна процена, бидејќи вредностите и социјалните норми постојано се менуваат (Dahlberg & Butchart, 2005). Сепак дефиницијата јасно одредува што се подразбира под насилство без разлика на културните и општествените норми.

Типологијата на насилството, прикажана во *Светскиот извештај*, според Круг и соработниците (Krug et al., 2002), го дели насилството на три широки категории, според тоа кој го извршува насилниот акт: насилство кон себеси, колективно насилство и интерперсонално насилство. Овие три категории понатаму се поделени и ги рефлектираат поспецифичните типови на насилство. Според природата на насилните акти, насилството може да биде: психичко, физичко, сексуално, депривација или занемарување.

*Насилство кон себеси* е поделено на самоубиствено однесување кое опфаќа самоубиствени мисли, обиди за самоубиство и извршени самоубиства, како и самонанесени повреди кои вклучуваат акти како самоповредување.

*Колективно насилство* е дефинирано како инструментална употреба на насилство од луѓе кои се идентификуваат себеси како членови на група, против друга група или збир на индивидуи, за да се постигнат политички, економски или социјални цели. Таа поделба има три поткатегории, при што секоја предлага можни мотиви за насилни акти: (а.) колективно насилство извршено за да се постигне одредена социјална агенда вклучува, на пример, злосторства на омраза извршени од организирани групи, терористички акти и масовно насилство; (б.) политички мотивирано насилство вклучува воени и сродни насилни конфликти, терористички акти и државно насилство против групи во земјата; (в.) економски мотивирано насилство вклучува напади од поголеми групи со цел нарушување на економската активност, оневозможување пристап на базичните служби, или креирање економска подделеност и фрагментација.

*Интерперсоналното насилство* е поделено во две категории: семејно насилство и насилство во заедницата. *Семејното насилство* настанува помеѓу членовите од семејството и интимните партнери, кое обично, иако не секогаш, се случува во домот. Оваа категорија вклучува злоупотреба и занемарување на деца, насилство од

интимен партнер и злоупотреба на стари лица. Насилството од интимниот партнер со фокус на адолесцентите како предмет на актуелното истражување претставува еден вид на интерперсонално насилство (прикажано на слика 1.), а се однесува на секое однесување во една интимна врска кое предизвикува физичка, психичка или сексуална повреда на партнерите во врската. Повредата пак, може да биде предизвикана од партнер/ка, поранешен/а партнер/ка, момче/девојка а, многу често е насочена од машкиот кон женскиот пол.




Слика 1. Типологија на интерперсоналното насилство (преземено од Krug et al., 2002)

Интерпероналното насилство се смета за едно од најчесто доживеаните форми на насилство. Врз основа на податоците од мета-анализи на студиите во Европа, преваленција на сексуална злоупотреба кај деца помали од 18 години е 9,6% (13,4% кај девојчињата и 5,7% кај момчињата), физичката злоупотреба е застапена со 22,9% додека 29,1% отпаѓа на емоционалната злоупотреба. Овие наоди укажуваат на тоа дека околу 18 милиони деца се погодени од сексуална злоупотреба, 44 милиони од физичка злоупотреба и 55 милиони доживеале емоционална злоупотреба (Butchart, Harvey, Mian & Furniss, 2006; Pinheiro, 2006; Sethi, Bellis, Hughes, Gilbert, Mitis & Galea, 2013). Студиите направени кај постарите луѓе, над 60 години, укажуваат на

тоа дека распространетоста на физичката злоупотреба изнесува 2,7%, сексуалната злоупотреба 0,7%, емоционална злоупотреба 19% и финансиска злоупотреба е 3,8%, што укажува на тоа дека бројот на постарите лица во Европа кои доживуваат злоупотреба се движи над десетици милиони (Sethi et al, 2011).

*Насилството во заедницата* вклучува насилство помеѓу поединци, кои можат, но не мора да се познаваат, и кое генерално, иако неисклучиво, настанува надвор од домот. Ова вклучува насилство на млади, случајни акти на насилство, силување или сексуален напад од непознати, како и насилство во институционални окружувања какви што се училиштата, работните места, затворите и домовите за нега и сместување (Krug et al., 2002).

## Насилството од интимниот партнер

Насилството од интимниот партнер како едно од најраспространетите форми на насилство се среќава во сите земји, независно од социјалната, економската, религиозната или културната припадност. Иако жените може да бидат насилни во односот кон мажот или насилството може да биде застапено кај истополови партнери, сепак, според големината, обемот и оптовареноста од овој проблем, најчесто станува збор за насилство направено од страна на мажот врз жената. Ваквиот вид насилство може да биде насочено кон сопругот/та, актуелниот или поранешниот партнер/ка, или актуелното/а или поранешното/а момче/девојка (Buchart, Garcia-Moreno & Mikton, 2010;Garcia-Moreno, Jansen, Ellsbeg, Heise, Watts, 2005; Velzeboer, 2003).

Според СЗО (Krug et al., 2002; стр.89), насилството од интимниот партнер се однесува на: „*какво било однесување во рамки на интимна врска што предизвикува физичка, психичка или сексуална повреда на лицата во таа врска и ги вклучува следниве однесувања:*

- *акти на физичка агресија - како што се шлаканици, удирање, клоцање, тепање;*
- *психичко насилство - како што се омаловажување, навредување, заканување;*
- *принуда на сексуален акт или други форми на сексуална злоупотреба:*

- *различни контролирачки однесувања - како што се изолација на индивидуата од нејзиното семејство или пријатели, контрола на движење, ограничување на пристапот до информации или помош*".

Студијата на СЗО за семејното насилство направена во повеќе земји, заснована на интервјуирани 24.000 жени во урбаните и руралните средини во 10 земји во светот покажа дека процентот на жени кои изјавиле дека биле жртви на сексуално и/или физичко насилство од страна на интимниот партнер се движи од 15% до 71% (Garcia-Moreno et al., 2005). Проценката врз основа на мета-анализа спроведена од неодамна, покажува дека во европскиот регион на СЗО, распространетоста на насилството од интимниот партнер (физичкото и/или сексуалното насилство) е 19,3% во развиените земји и 25,6% во земјите во развој и земјите со низок развој. Ова укажува дека околу 49 милиони жени на возраст од 14-49 години доживеале насилство (World Health Organization, 2003; World Health Organization, 2013a).

Истражувањата укажуваат дека кај насилството од интимен партнер, физичките облици на манифестација многу често се проследени со психичко и сексуално насилство. Голем број студии во развиените земји сугерираат дека насилството од интимниот партнер не е идентично за сите парови кои искусуваат насилни конфликти (Ellsberg, Pena, Herrera, Liljestrand & Winkvist, 2000; Garcia-Moreno et al., 2005; Tjaden & Thoennes, 2000). Круг и Гарсиа-Морено (Krug et al., 2002; Garcia-Moreno et al., 2005) зборуваат за минимум два обрасци на насилно однесување: 1.) сериозна и ескалирачка форма на насилство што се карактеризира со повеќе форми на насилство, тероризирање и закани и зголемување на посесивното и контролирачкото однесување од страна на сторителот; 2.) умерена форма на партнерско насилство каде постојаната фрустрација и лутина повремено доведуваат до ерупција на физичка агресија.

Насилството од интимниот партнер како значајна заложба на меѓународната заедница јасно е искажана преку донесувањето на повеќе меѓународни дефиниции. Преку дефиницијата на Генералното собрание на Обединетите нации, во 1993 година, јасно се потенцира неопходноста од пристапување и преземање активности кон родово заснованото насилство:

*„кој било чин на насилство засновано на род кое резултира или веројатно ќе резултира со физичка, психичка, сексуална или психолошка штета или страдање на жените, вклучувајќи и закана за таков вид на чин, присила или арбитрарно лишување од слободата, независно дали се случува во јавниот или приватниот живот*" (UN General Assembly Declaration, 1993).

Во рамки на Конвенцијата на Советот на Европа за превенција и борба против насилството врз жените и семејното насилство следи слична дефиниција:

*„насилство врз жените се сфаќа како повреда на човековите права и форма на дискриминација на жените, вклучувајќи ги сите акти на родово насилство кое резултира со, или постои голема веројатност да резултира со физичка, сексуална, психичка и економска штета или страдање на жените, вклучувајќи и закани за такви акти, принуда или своеволно лишување од слобода, без разлика дали се случува во јавниот или во приватниот живот*" (Council of Europe Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence, 12 April, 2011).

## Насилство од интимниот партнер во адолесцентните партнерски односи

Повеќе автори и истражувачи дале свој придонес кон дефинирањето на партнерското насилство кај адолесцентите во романтичните врски. Според Каскарди и Авери–Лиф, насилството во партнерските врски кај адолесцентите се дефинира како различни форми на однесување кои опфаќаат: вербална и психолошка агресија, доминација и принуда, физичка агресија и сексуална агресија (Cascardi & Avery-Leaf, 2003, стр. 1). Според дефиницијата на партнерското насилство кај адолесцентите, предложена од страна на Шугармен и Хотелинг (Sugarman and Hotaling, 1989, стр. 5), тоа претставува: *„употреба на закана или физичка сила или забрана направена со намера за предизвикување на болка или повреда на другиот.* Во други дефиниции на партнерското насилство кај адолесцентите, акцентот се става врз концептот на насилството во одредена релација, вклучувајќи кое било однесување со намера да предизвика физички, сексуални или психички повреди (Wekerle & Wolfe, 1999).

Лавој и соработниците (Lavoie, Robitaille, & Hebert, 2000, стр.8) го дефинираат тинејџерското партнерско насилство во врска како „... *кое било однесување кое му нанесува штета на развојот или здравјето на партнерот, преку загрозување на нејзиниот или неговиот физички, психолошки или сексуален интегритет.*" Вулф ја истакнува злоупотребата на моќ и контрола во партнерското насилство кај адолесцентите во врска преку физички, сексуални и/или емоционални злоупотребувачки однесувања кон сопствениот партнер (Wolfe, Wekerle, Reitzel-Jaffe, & Lefebre, 1998; Wolfe, Crooks, Chiodo & Jaffe, 2009a).

Во други дефиниции на партнерското насилство кај адолесцентите се смета дека физичката, сексуалната и емоционалната или психолошката злоупотреба вклучува употреба на вербални и невербални интенционални акти заради застрашување или повреда на другиот, или намерна употреба на закани по функционирањето на индивидуата со употреба на принуда (Hanley & O'Neill, 1997; Murphy & Cascardi, 1999). Партнерското насилство кај адолесцентите според Тетен и соработниците (Teten, Ball, Valle, Noonan & Rosenbluth, 2009) може да се дефинира преку три форми на насилно однесување, што може да се случат во партнерски врски: емоционална/психолошка, физичка и сексуална агресија.

Страус, кога зборува за партнерското насилство кај адолесцентите, става акцент врз насилството кое се случува во дијадна релација, која вклучува средба поради социјална интеракција и заеднички активности (Straus, 2004). Кога станува збор за насилството од интимниот партнер, јасно се потенцира важноста на родовата димензија на насилството, како и важноста од инкриминирање на насилството над девојките/жените без оглед на тоа дали се случува пред очите на јавноста или зад затворените врати во домот (Кениг, 2011).

За целите на ова истражување, дефиницијата на СЗО за насилство од/кон интимниот партнер/ка која веќе беше цитирана, ќе се користи како појдовна теориска рамка, но пред сé со фокус кон раната форма на насилство од интимниот партнер, односно онаа во адолесцентиот период и во рамки на партнерските врски кај адолесцентите (Butchart et al., 2010). Насилството од интимниот партнер кај адолесцентите има два бихевиорални аспекти и тоа: доживеано психичко, физичко и сексуално насилство од интимниот партнер и извршено психичко, физичко и сексуално насилство од интимниот партнер. Доживеаното и извршеното психичко, физичко и сексуално насилство подразбираат вршење или доживување на некое од следните однесувања: акти на физичка агресија како што се шлаканици, удирање со

предмети, клоцање, тепање; психичко насилство како што се заплашување, омаловажување понижување и различни контролирачки однесувања; принуда на сексуален акт или други форми на сексуална злоупотреба (Buchart et al., 2010; Harvey, Garcia-Moreno & Butchart, 2007; Heise & Garcia-Moreno, 2002; Heise & Garcia-Moreno, 1997; Heise, 1988).

## Адолесценција

Адолесценцијата е период на премин од детството во возрасното доба, која може да се подели на рана, средна и доцна адолесценција. Постојат различни ставови околу возрасните граници на адолесценцијата. Најшироките граници на адолесцентниот период се границите од десетта или единаесетта година до дваесет и петта година. Некои автори, исто така, зборуваат и за пролонгирана адолесценција, па границата ја поместуваат и до триесетта година. Меѓутоа адолесценцијата не треба да се сфати само како категорија на возраст, напротив како период на развој со свои психолошки особености кои се разликуваат од останатите развојни периоди. Адолесцентниот период најчесто е определен низ три фази: рана, средна и доцна адолесценција. Периодот на раната адолесценција го опфаќа периодот од 10 до 14 години; периодот на средна адолесценција од 15 до 19 години и периодот на доцна адолесценција од 20 до 24 години (Мурџева-Шкариќ, 2000).

Кога се проучува адолесценцијата мошне значајно е да се земат предвид 1.) матурациските процеси, 2.) личните значења кои тие процеси ги имаат и 3.) социјално-културните стандарди и очекувања (Lackovic-Grgin, 2005).

Адолесцентниот период се определува како период на многу промени на биосоцијален, когнитивен и психосоцијален план. Биосоцијалните промени се манифестираат со започнувањето на пубертетот, проследено со мозочни невролошки промени, зголемување на хормоните и на репродуктивниот потенцијал кај обата пола. Когнитивниот развој кај адолесцентите е проследен со апстрактното логичко мислење и поголеми предизвици во образованието и стекнувањето знаења. Во рамки на психосоцијалниот развој задачите се поврзани со стекнувањето идентитет, воспоставување нови релации со семејството, врсниците, и започнување први романтични релации. Една од задачите во рамки на психосоцијалниот развој е справување со голем број сложени емоции, како на пример тагата и лутината (Berger,

2011). Секако социјално-културните стандарди и очекувања се мошне значајни за адолесцентниот период. Некои култури го поттикнуваат рзвојот на независноста, индивидуализмот и самоактуализацијата кај адолесцентите. Други култури, пак, повеќе го вреднуваат конформизмот и послушноста на младите, а отстапувањата од очекувањата или не се одобруваат или се казнуваат (Lackovic-Grgin, 2005).

Според развојната теорија на Ериксон, периодот на адолесценцијата се смета за најбурен во рамки на целокупниот животен циклус. Промените во периодот на адолесценцијата имаат за цел да го обработат сè она што се случило во претходните развојни фази и да овозможат изградување стабилно чувство на идентитет, создавање јасна слика за себе (Erikson, 1976).

Пред младите луѓе во адолесценцијата претстои мошне важна развојна задача, адолесцентите треба да развијат целосно нова форма на интимна врска со лице кое е привлечно за нив, но новата блиска релација е сосем различен образец од оној кој до тогаш го практикувале. Овој однос е различен од кои било други видови на блиски односи претходно стекнати како искуство, кои се разликуваат од пријателството и љубовта кон членовите на семејството. Воспоставувањето и развојот на љубовен однос со друго привлечно лице е ново и специфично искуство, кое претставува сложен процес, каде е многу значајна улогата на бројни психолошки карактеристики, како што се сликата за себе и самодовербата, управување со сопствените емоции, одржување на интимноста од една страна и посветеноста на себе од друга страна, самоконтрола, признавање и толкување на човековото однесување и емоции, толеранција на различноста, доверба и лојалност и слично (Berger, 2011). Во овој процес, двајца млади се истражуваат преку интеракција, обидувајќи се на една страна да ги задоволат своите индивидуални потреби, но исто така потребно е да влезат во нова улога и да ги земат предвид перспективите на другиот/гата. Бидејќи целите, интересите и идеите за начините за постигнување на истите може да бидат многу различни во партнерските релации, конфликтите често се неизбежен дел од искуството на одржување на односи. Притоа, клучното прашање е како младите управуваат со нивните конфликти и дали водат грижа само за своите вообичаени интереси и грижи или и за благосостојбата на партнерот/ката. Во процесот на решавање на спротивставените цели и интереси се создава основа за појава и посегнување по можни форми на насилно однесување.

## Фактори на ризик за партнерското адолесцентно насилство

Истражувањата за адолесценцијата, како и за партнерското насилство кај адолесцентите во последните три, четири декади претставуваат значајна и продуктивна област на развојната психологија и јавното здравство. Постојат неколку теоретски пристапи кои се земаат предвид како теоретски рамки во разгледување на проблемот на партнерското насилство кај адолесцентите, а тука ќе бидат прикажани најзначајните.

Почетоците на обидите адолесцентното насилство да се објасни теориски, секако лежат во генетско-матурацискиот (биолошкиот) пристап на Хал (Hall, 1904) кој датира од крајот на 19. век (според Lackovic-Grgin, 2005) и произлегува од неговите систематски набљудувања на младите. Неговото толкување е дека промените кои се случуваат во драматичниот период заедно со конфликтите во адолсеценцијата лежат во биолошките и физиолошките промени на организмот.

Значаен теориски придонес секако има и психоаналитичкиот пристап на Фројд, кој подоцна е прифатен од страна на нео-психоаналитичарите. Иако Фројд повеќе се занимавал со првите години од животот, адолесцентниот период го аспектира како оној период од развојот во кој инстинктивните пориви на ИД-от доаѓаат до силен конфликт со социјалните барања на СУПЕР ЕГО-то. Половото созревање и срединските фактори создаваат тензија, чувство на вина, анксиозност и општа конфузија, иако не се споменуваат модуси кои укажуваат на тоа како ЕГО-то на адолсецентот се справува со надминување на овој турбулентен период (според Lackovic-Grgin, 2005).

Социолошко-антрополошкиот пристап на Маргарет Мид (Mead, 1970), во периодот на трисетите години на 20. век, внесува една нова димензија во дотогашниот став кон развојот, но секако и критика на постојниот биолошки пристап во сфаќањето на адолсецентите. Нејзиниот најголем придонес во проучувањата на адолесценцијата е што за првпат се поставуваат прашањата за мултидисциплинарен и меѓукултурален аспект во истражувањата за развојот на адолесцентите. Истражувајќи ги „примитивните" култури, авторката смета дека постигнувањето на идентитетот во адолесценцијата зависи од поширокиот културолошки контекст. Преминот од период на детство во периодот на адолесценција според Маргарет Мид , бара одредена психичка реорганизација на младата личност, што во

традиционалните култури најчесто се одигрува преку таканаречените ритуали за премин или иницијациски ритуали (според Berger, 2011).

Феминистичкиот пристап смета дека патријархално заснованите односи се основа за постоење на асиметрија на моќта во општеството помеѓу двата пола. И покрај различните гледишта за тоа на што се однесуваат разликите помеѓу мажите и жените и соодветно момчињата и девојчињата, сепак, постои генерално согласување дека се работи за редуциран или одземен пристап на жените, девојките до ресурсите и информациите (Okin, според Кениг, 2011). Во многу традиционални семејни структури, особено при намалени ресурси, многу често предноста се дава на момчињата во однос на девојчињата, како на пример при продолжување на образованието, напредување во кариера или избор на професија.

Според социјалната теорија на учењето на Бандура (Bandura, 1977) се смета дека насилното агресивно однесување се учи по пат на опсервирање на моделите на однесување на другите. Бидејќи учењето со поголема веројатност се појавува кога моделите или однесувањата се согледуваат како позитивни, како што се повисок статус, компетенции, моќ, родителите кои најчесто се видени во таа позиција од нивните деца, претставуваат основен извор на учење за децата. Според социјалната теорија на учењето, децата кои ги опсервираат родителите што користат насилно однесување, го восприемаат целосниот образец на родителите. Децата го опсервираат не само насилното однесување туку и емоционалните состојби на активација на насилството, условите во кои се случува насилството како и последиците од истото. Овие опсервации се најчестите фактори кои влијаат на понатамошното однесување на децата (според Stroebe & Stefhenson, 1996).

Еколошкиот модел на насилство ги влече своите корени од еколошката парадигма на Бронфенбренер (Bronfenbrenner, 1979; Bronfenbrenner, 1993), која за прв пат беше презентирана во 1970 година, а претставува резиме на најголемиот број истражувања, спроведени во доменот на развојната психологија. Неговиот модел на екологијата на човечкиот развој претставува еден холистички пристап на развојот. Бронфенбренер смета дека, за да се разбере човечкиот развој, мора да се разгледа и анализира севкупниот еколошки систем, во чии рамки се одвива растот и развојот на една индивидуа (Bronfenbrenner, 1979; Bronfenbrenner, 1993).

Како концепциска алатка, еколошкиот модел на Бронфенбренер, сè уште дополнително се развива и преработува, подоцна и од Белски во рамки на неговите

проучувања, за прв пат, во областа на насилството кај децата (Belsky, 1980; Belsky, 1993). Белски го преточува еколошкиот модел на Бронфенбренер, во социјално-контекстуален модел зборувајќи за детерминантите на родителството: 1.) родителството е детерминирано од многубројни фактори, 2.) карактеристиките на родителот, детето и социјалниот контекст немаат подеднакво влијание врз позитивнто родителство, 3.) личносните карактеристики го обликуваат родителството преку индиректни влијанија на поширокиот контекст во кој постои релацијата родител-дете (брачниот однос, социјалната мрежа, работниот статус и др.), (Belsky & Jaffee, 2006). Чичети смета дека етиологијата на насилството кај децата е детерминирана од релативниот баланс помеѓу потенцијалните фактори на ризик и компензирачките (заштитните) фактори (Cicchetti & Cohen, 2006).

Надоврзувајќи се на теоретските основи на моделот на Бронфенбренер за екологијата на човековиот развој се дефинира еколошкиот јавно-здравствен модел на СЗО (Butchart et al., 2006) за разбирање на насилството. Пристапот на еколошкиот модел за насилството, дава соодветна рамка за разбирање на насилството воопшто, вклучувајќи го тука и насилството во партнерските релации кај младите. Еколошкиот јавно-здравствен модел на СЗО, претставува модел на објаснување на влијанието на факторите на ризик и заштитните фактори на повеќе нивоа на насилство (Krug et al., 2002). Неговиот придонес е во тоа што тој помага во разграничувањето на безбројните фактори кои имаат влијание врз насилството, истовремено обезбедувајќи соодветна рамка за разбирање на начинот, на кој сите тие меѓусебно и заемно дејствуваат, како и на утврдување на можните заштитни фактори во превенцијата на насилството.

Еколошкиот модел ги разгледува заемните дејства и зависноста помеѓу индивидуалните и контекстуалните фактори. Според Круг и Хејс (Krug et al., 2002; Heise, 1988) насилството претставува резултат на една сложена интеракција помеѓу личните карактеристики на поединецот (биолошки карактеристики, лична историја), блиските меѓучовечки односи, карактеристиките на заедницата во која живее или работи поединецот и општествените фактори, како што се општоприфатените политики и општествени норми. Еколошкиот модел овозможува, насилството во партнерските релации кај младите да се поврзе со пошироките социјални прашања и проблеми.




Слика 2. Еколошки модел на насилството (преземено од Krug et al., 2002)

Факторите на ризик на индивидуално ниво се однесуваат на физичките и личните фактори, кои од едно лице можат да направат жртва или сторител на насилство: возраст, приходи, образование, личносни карактеристики. Стратегиите за превенција или заштитните фактори на ова ниво, често се дизајнирани на начин, кој треба да помогне во менувањето на ставовите, мислењата, убедувањата и однесувањето на индивидуите.

Факторите на ризик на второто ниво се поврзани со меѓучовечките односи/релации. Факторите на ризик на ова ниво, ги вклучуваат релациите со членовите на семејството, блиските пријатели, врсниците и партнерите. Меѓусебните односи со нив, влијаат врз личните искуства, постапки и однесување. На ова второ ниво, карактеристиките на семејството и односите во семејството, исто така, претставуваат важни фактори. Акцентот во стратегиите за превенција на насилство на ова ниво, може да биде ставен врз креирање на програми кои имаат за цел намалување на конфликтите во рамки на различни релациски односи, вештини за градење на здрави интимни релации и советувалишта за позитивно родителство особено за семејства во ризик.

Третото ниво на ризик, се однесува на заедницата и ги вклучува социјалните односи: соседство и различните видови на организации. Факторите на ризик на ова ниво вклучуваат: мобилност, социо-економски статус, ресурси и достапност на ресурси во заединицата и социјалните врски на семејството со заедницата. Успешното креирање и одржување на социјалните врски, градење на резилиентни заедници можат да се дел од превентивните средства за спречување на наслството.

Четвртото ниво на еколошкиот модел е општеството или макро-факторите. Овие фактори се: културните вредности, актуелната економска и политичка ситуација (Krug et al., 2002). Заштитните фактори на ова ниво подразбираат подеднаква

дистрибуција на ресурсите, помош и поддршка на ранливите групи за пристап до ресурси и информации, кампањи за јакнење на јавната свест за последиците од насилството кај младите и промовирање на позитивни и здрави животни стилови.

Насилството во партнерските релации кај адолесцентите може најдобро да се разбере преку анализа на сложената интеракција на повеќе фактори, на различни нивоа и на заемното дејство на овие различни фактори кои се разгледуваат на повеќе нивоа. Факторите на ризик се разгледуваат на следниве нивоа на влијание: фактори на индивидуално ниво; фактори на ризик на ниво на меѓучовечките односи/релации со семејство, пријатели, врсници; фактори на ниво на заедницата поврзани со опкружувањето, во рамки на кое се одвиваат меѓусебните односи – како што се соседството, работното место и училиштето; општествени фактори кои ги вклучуваат темелните услови во општеството.

**Факторите на ризик за насилството во адолесцентните врски на индивидуално ниво** се однесуваат на интраиндивидуалните и интериндивидуалните карактеристики на адолесцентите. За потребите и целите на ова истражување земени се предвид следниве фактори на ризик на индивидуално ниво:

**1. Прифаќање на насилството во љубовна врска**

Интернализирањето на културните и општествените норми од страна на младиот адолесцент неминовно водат кон создавање на индивидуален став во прилог на помало или поголемо прифаќање и оправдување на насилството, кое понатаму влијае врз неговото однесување. Културните и општествените норми се многу влијателни во обликувањето на индивидуалното однесување, вклучувајќи ја и употребата на насилството. Нормите може да промовираат заштита од насилство, но тие исто така, можат да ја поддржат и да ја поттикнат употребата на насилното однесување. На пример, во одредени култури, каде прифаќање на насилството се смета како нормален начин на решавање на конфликт или како вообичаен начин на одгледувањето на детето, секако е фактор на ризик за сите видови на интерперсонално насилство (Heise et al., 2002). Социјалната толеранција на насилно однесување најчесто се усвојува во детството, преку употребата на телесното казнување (Lansford & Dodge, 2008) или преку сведоштво на насилство во семејството (Abrahams & Jewkes, 2005), или преку медиумите (Christakis & Zimmerman, 2007), а понекогаш и преку прекумерна потреба за постигнување, за сметка на другите (Merten, 2007).

Културните и општествени норми претставуваат правила или очекувања на однесување во рамките на одредени културни или социјални групи. Често неизговорени, овие норми ги нудат социјалните стандарди на едно соодветно и несоодветно однесување, го регулираат она што е (и не е) прифатливо, и ги координираат интеракциите со другите (World Health Organization, 2009).

Се смета дека културните и општествените норми се одржуваат под влијание на одредени надворешни и внатрешни притисоци. На тој начин одредени поединци се обесхрабрени од кршење на нормите, пред сè, заради страв од социјално осудување, казнување и чувства на вина и срам што резултира со интернализација на нормите. Културните и општествените норми не мора да кореспондираат со ставовите и верувањата на поединецот, иако тие може да влијаат на ставовите и верувањата, кога нормите се интернализираат. Културните и општествените норми, исто така може да варираат во голема мера и помеѓу одредени социјални групи, во рамки на одредена општествена заедница (World Health Organization, 2009).

Нормите и ставовите на прифаќање на насилството претставуваат интернализирано однесување кое подразбира став на повисоко или пониско оправдување и прифаќање на насилството од интимниот партнер или какво било однесување во рамки на интимната врска, кое предизвикува физичка, психичка или сексуална повреда на оние во таа врска (Heise et al., 2002).

## 2. Самодоверба

Самодовербата одредени психолози најчесто ја поврзуваат со терминот „општа самодоверба" или „самодоверба како особина", што претставува релативно траен психолошки конструкт низ времето и ситуациите (Brown, Dutton & Cook, 2001).

Обидот да се дефинира самодовербата се движи од акцентирање на примитивни либидинални импулси, до нагласување на перцепцијата дека некој е значаен член на општеството. Општата самодоверба се карактеризира со општа наклонетост или љубов за себе; ниската самодоверба се карактеризира со благо позитивни или амбивалентни чувства кон себеси. Во екстремни случаи, ниската самодоверба претставува краен степен на самоомраза, кој најчесто се јавува во клиничките популации, но не и кај нормалната популација (Brown et al., 2001).

Од бројните дефиниции за самодовербата кои се среќаваат во литературата, во ова истражување ќе биде користена дефиницијата на Розенберг и соработниците (Rosenberg, Schooler, Schoenbach & Rosenberg, 1995) за кои самодовербата

претставува негативен или позитивен став кон себе си во целина, ставајќи акцент на поимот на општата самодоверба. На тоа се надоврзуваат и други автори (Brown et al., 2001; Greenberger, Chen, Dmitrieva & Farruggia, 2003) кои ја дополнуваат дефиницијата за самодовербата како општа афективна ориентација кон себе. Индивидуите со висока самодоверба многу почесто се гледаат себеси како некои кои поседуваат посакувани личносни карактеристики, а не поседуваат непосакувани личносни карактеристики.

### 3. Родови стереотипи

Родовите стереотипи претставуваат специфични верувања за карактеристиките кои се типични за жените или мажите, како што се верувањата за нивните физички карактеристики, особините на личноста, професионалните способности, преференции или емоционалните предиспозиции. Често, не вклучуваат само верувања за тоа какви се мажите и жените, туку и насоки за тоа какви треба да бидат (Deaux & Lafrance, 1998). Тие може да содржат позитивни или негативни евалуативни елементи, но ретко комуницираат точни информации за другите. Родовите стереотипи се јасно идентификувани во Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (CEDAW, Convention on the Elimination of All Forms of Discrimination against Women,1979) како нешто што го попречува постигнувањето на родовата еднаквост и зајакнувањето на жените, најмногу поради тоа што тие се во основата на одржувањето на предрасудите кон жените и сексистичките ставови.

### 4. Вештини за разрешување на конфликти

Конфликтот претставува вообичаен дел од која било човечка интеракција, па според тоа и од која било здрава врска. Конфликтот сам по себе не е ниту позитивен ниту негативен. Доколку конфликтот се перцепира како негативен, се намалуваат и шансите за неговото ефективно совладување. Во спротивно, позитивното гледање на конфликтот може да отвори нови алтернативни начини на размислување и однесување и да придонесе кон заеднички раст и развој (Галтунг, 2000; Викс, 1998).

И покрај големото значење на личните компетенции и карактеристики неопходни за успешна комуникација со средината (Foshee, Linder, MacDougall & Bangdiwala, 2001), учењето како да се управува со конфликтот, а не одбегнување да се соочиме со него, е навистина од клучно значење. Кога зборуваме за неправилно раководен

конфликт, многу често зборуваме за конфликт кој може да предизвика голема штета во врската кај адолцентите. Но, кога се постапува со почитување и на позитивен начин, конфликтот дава можност да се зајакне врската помеѓу двајца луѓе. Со учење на вештините за решавање на конфликтот зборуваме за заеднички растеж. Фоши и сор., за вештините за решавање на конфликтот зборува во насока на три поголеми категории преку кои се определува истото: комуникација, социјално управување и контрола на лутината (Foshee et al., 2001).

Викс смета дека за успешно унапредување на вештините за разрешување на конфликтите потребно е да се стави акцент на: создавање на ефективна клима, разјаснување на перцепциите, фокусирање на личните и заедничките потреби, јакнење на позитивните, резилиентните фактори во врската, проспективно наспроти рестроспективно гледање на проблемот и решенијата, развивање на алтернативни можности, развивање на остварливи приоди кон решението, создавање на договори за заедничка полза (Викс, 1998).

## 5. Агресивност

Човечката агресија се дефинира како секое однесување насочено кон надвор и кон друг човек со (непосредна) намера да предизвика штета. Покрај тоа, оној кој заради агресивност нанесува штета, мора да верува дека однесувањето ќе им наштети на другите, или пак, агресивното однесување е мотивирано од потребата да се одбегне непријатна ситуација (Anderson & Bushman, 2002). Одредени автори сметаат дека агресијата се дели на афективна (хостилна) и инструментална агресија (Anderson et al., 2002; Green, 2001).

Афективна (непријателска) агресија историски се разгледува како однесување кое е импулсивно, непланирано, управувано од лутина, со мотив да наштети на целта кон која е насочена, а се случува како реакција на некоја согледана провокација. Таа понекогаш се нарекува импулсивна, или реактивна агресија (Anderson et al., 2002; Geen, 2001).

Инструментална агресија е онаа каде мотивот е однапред дефиниран и која повеќе служи преку предвидените средства да се постигне одредена цел, отколку да се наштети на жртвата. Овој тип на агресија се смета дека е повеќе проактивна отколку реактивна (Anderson et al., 2002; Geen, 2001).

Бас и Пери (Buss & Perry 1992) сметаат дека агресијата претставува сложен психолошки конструкт, кој во себе вклучува повеќе аспекти или форми како што се

физичката агресија, вербалната агресија, лутината и непријателство. Во студиите направени во САД наодите покажуваат дека во периодот на адолесценцијата како резултат на влијанието на врсниците, физиката агресија и деликвентните отстапувања стануваат социјално прифатливо однесување. Адолесцентите, не успевајќи да изнајдат друг начин да се справат со емоционалните предизвици, го употребуваат насилниот начин за справување со конфликтните ситуации и опстојуваат на тој модел, немајќи свесност за постоење на други поконструктивни алтернативи (Saarni, Campos, Camras & Witheringtong, 2008). Како резултат на оваа контекстуална нормативност, агресивното антисоцијално однесување се зголемува кај младите и понекогаш тоа завршува со периодот на адолесценцијата (Dodge, Coie & Lynam, 2008).

### 6. Употреба на супстанции (алкохол и droги)

Постојат три модели кои зборуваат за врската помеѓу употребата на алкохолот и дрогите како фактори на ризик за извршување и доживување на насилство во адолесцентните партнерски врски. Првиот модел – моделот на проксималните ефекти, се однесува на тоа дека интоксикацијата со алкохол или дрога има причинска улога во зголемување на ризикот од извршување на адолесцентното партнерско насилство преку психофармаколошките ефекти врз когнитивните функции. Овој модел зборува дека употребата на алкохолот го зголемува ризикот од насилното однесување за период кога алкохолот предизвикува фармаколошки ефект (Reyes, Foshee, Brauer & Ennett, 2012).

Моделот на индиректните ефекти се однесува на каузалната поврзаност на употребата на алкохолот и дрогите и партнерското насилство со посредувачките или медијациските варијабли. Овој модел укажува на тоа дека зголемувањето на употребата на алкохолот во одреден временски период, може проспективно да го предвиди партнерското насилство во даден временски период и обратно (Reyes et al., 2012).

Третиот концепциски модел ја објаснува врската помеѓу употребата на алкохолот и партнерската агресија преку таканаречениот модел на „заедничка причина“. Овој модел зборува дека употребата на алкохолот, дрогите и партнерската агресија се поврзани, бидејќи делат заеднички детерминанти (Reyes, Foshee, Brauer, & Ennett, 2011; Reyes et al., 2012).

СЗО смета дека употребата на супстанции (алкохол и дроги) е релевантен фактор на ризик за насилството од интимниот партнер, особено кај адолесцентите. Преваленцијата и карактеристиките на употребата на супстанции кај адолесцентите, влијаат врз партнерско насилство кај адолесцентите (World Health Organization, 2013b).

# РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА

Истражувачите забележале дека адолесцентното партнерско насилство има свои специфичности и се разликува од семејното насилство и насилството од интимниот партнер во повозрасното доба. За разлика од партнерското насилство во адултниот период, динамиката на насилството во адолесцентни врски се чини малку поразлична. Определен број студии покажуваат дека насилство во адолесцентните врски подразбира реципрочност во извршување или доживување на насилство од страна на адолесцентните партнери (Bonomi, Anderson, Nemeth, Bartle-Haring,Buettner & Schipper, 2012; Capaldi, Knoble, Shortt, & Kim, 2012; Ramisetty-Mikler, Goebert, Nishimura & Caetano, 2006; Rothman, Johnson, Azrael, Hall, & Weinberg, 2010; Saewyc, Brown, Plane, Marlon, Zakletskaia, Wiegel & Fleming, 2009), или пак поголема застапеност во извршување или доживување на насилство кај адолесцентите од женски пол (Capaldi et al., 2012; Fernandez-Gonzalez, O'Leary & Munoz-Rivas, 2013; Foshee et al., 1996; Glass, Fredland, Campbell, Yonas, Sharps, & Kub, 2003; Miller, Gorman-Smith, Sullivan, Orpinas & Simon, 2009; O'Leary, Slep, Avery-Leaf & Cascardi, 2008).

Забележена е поголема преваленција на адолесцентното партнерско насилство (од 16% до 90%) отколку кај партнерското насилство во возрасното доба (10%-69%), (Archer, 2000; Avery-Leaf, & Cascardi, 2008; Capaldi et al., 2012; Langhinrichsen-Rohling, Misra, Selwyn, & Rohling 2012; Krug et. al., 2002; O'Leary et al., 2008). Насилството во романтичните врски кај адолесцентите почнува да се јавува на возраст од 15 или 16 години, сметаат Викерли и соработниците (Wekerle et. al., 1999). Потенцијалните ризици за појава на адолесцентното насилство се зголемуваат од периодот на средната до периодот на доцната адолесценција (Fernandez-Gonzalez et. al., 2013) и за момчињата и за девојчињата, делумно поради зголемувањето на конфликтите и љубомората во овој период (Wekerle et. al., 1999). Адолесцентите (вклучително и од машки и од женски пол) во овој период се вклучуваат во насилни однесувања во рамки на партнерските врски. Секако причините за насилното однесување се разликуваат кај машките и женските.

Наодите за речиси подеднаква полова застапеност и кај момчињата и кај девојчињата во однос на застапеноста на насилството (доживеаното и извршеното) во адолесцентните врски се покажуваат во голем број студии и мета-анализи. Во

студијата направена на американски и канадски студенти (N=2091) се јавува речиси подеднаква застапеност на доживеаното насилство - 17% кај студентите од машки пол и 16% кај студентите од женски пол (Saewyc et al., 2009). На национален репрезентативен примерок од 3533 средношколци во Соединетите Американски Држави испитувано било доживеаното физичко и сексуално насилство. Околу 17,2% девојчињата и 9% од момчињата известиле за доживеано насилство. Од тоа доживеаното физичко насилство било застапено со 9,4% кај девојчињата и 3,8% кај момчињата, и доживеаното сексуално насилство соодветно со 3,6% и 2,9% (Ackard, Neumark-Sztainer & Hannan, 2003).

Слични наоди исто така, се добиваат и во истражувањето направено кај американски средношколци (N=1235) со релативно еднакво доживување на насилство во адолесцентните врски помеѓу адолесцентите од машки (7,6%) и женски пол (8%) (Ramisetty-Mikler et al., 2006). Во друга американска студија, на 297 испитаници-студенти, утврдена е релативно симетрична застапеност на доживеано насилство и тоа: 64,7% кај девојките и 61,7% кај момчињата (Bonomi et al., 2012).Некои автори укажуваат дека половите разлики најчесто се идентификуваат во однос на видот на насилство (Glass et al., 2003), односно одредени видови на насилство се во поголема мера извршени и/или доживеани од страна на девојките. Канадската студија во 10 средни училишта (N=1419) покажува речиси симетрично извршено психичко насилство (машки 28,2%), (женски 28,5%). Машките известиле за поголема застапеност на извршено сексуално насилство (44,3%) наспроти 28,5% за женските адолесценти. Кај извршеното физичко насилство, машките имале помала застапеност од 18,8% додека женските поголема со 36,7%. Машките адолесценти известиле за понизок степен на доживеано сексуално насилство 48,6%, наспроти женските 52,9%, и соодветно повисок степен на доживеано психичко насилство со 40% кај машките наспроти женските (31%), повисок степен на физичко доживеано насилство 40,3% во однос на женските со 25% (Wolfe, Scott, Wekerle & Pittman 2001).

Од друга страна, исто бројни се и студиите кои одат во прилог на тоа дека доживеаното и извршеното насилство е поголемо кај женските испитаници. Резултатите од истражувањето направено на адолесценти во периодот на раната адолесценција (N=7361) зборува за поголема застапеност на извршеното насилство кај женските адолесценти (31%), во однос на машките адолесценти (27%), (Miller et. al., 2009). Фоши со соработниците, во спроведеното истражување во Соединетите Американски Држави кај адолесценти (N=1405) зборува за поголема застапеност на

доживеаното насилство 37,2% кај адолесцентите од машки пол, во однос на 34,3% кај адолесцентите од женски пол. Забележано е во истото истражување поголемо известување за извршено насилство од страна на адолесцентите од женски пол, одошто кај адолесцентите од машки пол (Foshee et al., 1996; Foshee, Arriaga, Helms, Koch & Linder, 1998).

На примерок на американски адолесценти во средна адолесценција (N=2363), женските адолесценти изестиле за поголем степен на извршено физичко насилство со 40%, а машките 24%. Доживеаното физичко насилство кај женските било повеќе застапено со 30% , во однос на машките со 31%, и во обата случаи статистички значајно во однос на полот (O'Leary et al., 2008). Резултатите од истражувањето направено на адолесценти во периодот на раната адолесценција (N=7361) зборува за поголема застапеност на извршеното насилство кај женските адолесценти (31%), во однос на машките адолесценти (27%), (Miller et al., 2009). Бостонската студија (N=1398) упатува на тоа дека извршеното физичко насилство во врска изнесува 18,7%, и е позастапено кај женските (26,6%) во однос на машките (9,6%) за физичкото насилство, но и за психичкото исто така (Rothman et al., 2010).

Студијата направена во урбани средни училишта на возраст од 14-20 години (N=2016) во Шпанија, покажува дека извршеното физичко насилство во интимни релации е поголемо (48,4%) кај женските во однос на (38,5%) машките. Извршеното психичкото насилство бележи нешто поголема застапеност кај женските (96,3%) во однос на машките (91,8%). Извршеното сексуално насилство е поголемо кај машките испитаници (27,1%) во однос на (10,9%) женските. Доживеано физичко насилство е поголемо кај женските (42,1%) испитаници во однос машките (39,4%). Доживеаното психичко насилство е речиси подеднакво застапено со 94,2% кај женските и 93,1% кај машките, а доживеано сексуално насилство кај женските е пониско (17,3%), во однос на машките (20,9%), (Fernandez-Gonzalez et al., 2013).

Од неодамана, истражувања за адолесцентното насилство во интимни релации се направени и во регионот на Југоисточна Европа, односно во Хрватска. Резултатите добиени на студија направена во Хрватска покажуваат дека кај 93,1% од адолсесцентите е констатирано дека извршиле некаква форма на насилство во врската – 46,9% од младите луѓе изјавиле дека во текот на последните шест месеци извршиле барем една форма на физичко насилство, 27,2% некоја форма на сексуално насилство, а 93,3% извршиле психичко насилство во врската (Ajduković, Low & Sušac, 2011). Кај резултатите добиени на хрватска студија (Hodzic, 2007) на

примерок од 1014 ученици, 43% од испитаниците известиле за насилно однесување кон нивниот партнер/ка. Контролирачкото однесување и љубомората од страна на партнерот ја пријавиле околу 58% од испитаниците. Љубомората е пријавена како причината за извршеното насилство во 57% од испитаниците. Истражувањата во Хрватска (Ajduković et al., 2011) покажуваат сличен тренд на полови разлики, според кој девојките извршуваат поголемо физичко насилство од момчињата. Резултатите од друго истражување во Хрватска (Hodžić, 2007) говорат дека девојките во поголема мера доживуваат, но и извршуваат психичко насилство, додека момчињата повеќе користат различни облици на сексуално насилство и притисок.

Поголемата застапеност на одредени форми на доживеано насилство од страна на момчињата претставува исто така анализирана тема. Иако ова го потврдуваат бројни студии, тешко е за интерпретација. Сугерирано е дека машките одбегнуваат да го признаат насилството во врската поради социјалната неприфатливост и затоа помалку и го известуваат таквото однесување, односно момчињата прибегнуваат кон насилни однесувања најчесто за да избегнат опасна или заканувачка ситуација, и да не се прикажат „слаби", а девојчињата најчесто во самоодбрана (Wolfe et al., 2009a).

Според авторката О' Кифи (O'Keefe, 1998), теоријата на социјалното учење упатува дека социјализацијата на машките и женските се одвива по одредени специфични родови модели кои понатаму влијаат врз однесувањето. Според тоа прифаќањето на насилството и родовите стереотипи од страна на женските адолесценти може да влијаат врз пониското ниво на известување за доживеаното насилство (Cascardi et al., 2003), а од друга страна поголемо известување на доживеаното сексуално насилство од страна на машките адолесценти може да произлегува од потребата за поголемо истакнување на маскулиноста. Одредени автори пак, сметаат дека кога станува збор за поголем степен на извршено физичко насилство од страна на женските адолесценти потребно е да се направи разлика во видот на извршеното физичко насилство, каде сериозни физички повреди како најекстремна манифестација на физичкото насилство се со поголема застапеност од страна на момчињата (Archer, 2000; Foshee, 2000). Физичката агресија и насилство, сметаат одредени автори, бара кумулативни методи на проценка за да се добијат попрецизни информации (Jouriles, McDonald, Garrido, Rosenfield & Brown 2005). Сепак кога се истражува и работи за адолесцентно насилство треба да се препознае дека и машките и женските адолесценти може да се и во улога на сторител и во улога на жртва (Cascardi et al., 2003).

Поголем број на релевантни истражувања ја проучуваат поврзаноста на индивидуалните фактори на ризик како што се: прифаќањето на насилството, родовите стереотипи, агресивноста, вештините за разрешување на конфликти и употребата на супстанции со извршувањето на партнерското насилство кај адолесцентите. Во една лонгитудинална американска студија направена кај адолесценти од женски пол (N=1569) се забележува дека кај женските адолесценти во средно училиште кои доживеале физичко и сексуално насилство, се зголемува ризикот од повторна ревиктимизација во периодот на студиите (Smith, White & Holland, 2003). Одредена група на автори укажуваат на поврзаност помеѓу прифаќањето на насилството и извршувањето на партнерското насилство кај адолесцентите (Foshee et. al, 2001; Miller et. al., 2009; Vezina & Hebert, 2007). Резултатите од истражувањата и прегледот на ревидираните над 60 студии направени во областа на партнерското насилство во адолесцентните врски, укажуваат на постоење поврзаност помеѓу ставовите и родовите стереотипи со појава на насилството во адолесцентните врски (Vezina et. al., 2007), што е во согласност со наодите на слично истражување за поврзаноста помеѓу извршеното насилство од страна на момчињата и поддршка на традиционалните родови норми и стереотипи (Reed, Silverman, Raj, Decker, & Miller, 2011).

Кога зборуваме за вештините за разрешување на конфликти, резултатите од истражувањето на американски адолесценти покажува дека неконструктивните начини на разрешување на конфликти се поврзани со извршување насилство и кај машките и кај женските адолесценти (Wolf & Foshee, 2003). Истражувањата и прегледот на поголем број студии укажуваат дека проблемите во комуникација и антисоцијалното однесување (Capaldi et al., 2012; Woodward, Ferguson, & Horwood, 2002) како и агресивноста (Foshee et. al, 2001) претставуваат фактори на ризик за извршување на насилството кај адолесцентите.

Помал е бројот на студиите кои ја испитуваат поврзаноста помеѓу самодовербата и извршување на насилството во адолесцентните врски. Резултатите од студиите за поврзаноста на самодовербата и насилството во адолесцентните врски одат во прилог на фактот дека со намалување на самодовербата доаѓа до зголемување на извршеното насилство во врската (O’Keefe, 1998; O’Keefe, 2005 ; Vezina et al., 2007).

Систематскиот преглед на 228 студии укажува дека злоупотребата на дрогите и алкохолот се идентификувани како значајни фактори на ризик за партнерското насилство (Capaldi et al., 2012). Во прилог на ова одат и други истражувања кои

зборуваат за поврзаноста помеѓу употребата на психоактивни супстанции (алкохол и дроги) и извршување на насилството (Reyes et al., 2011; Saewyc et al., 2009;Vezina, et al., 2007). Резултатите од прегледот и мета-анализата на ревидирани 28 студии укажуваат дека повисоките нивоа на употреба на алкохол и дроги се поврзани со повисок степен на извршување на насилството во адолесцентните врски (Rothman et al., 2010; Rothman, Reyes, Johnson & LaValley, 2012).

Голем број истражувања и прегледи на студии ги проучуваат индивидуалните фактори на ризик поврзани со доживување на насилство. Истражувањата укажуват дека виктимизацијата кај адолесцентите (Hodzic, 2007) од женски пол (Foshee, Bauman, Greene, Koch, Linder & MacDougall, 2000; Foshee et al, 2004;) и кај адолесценти од машки пол (O'Keefe, 1998; O'Keefe, 2005) е поврзана со прифаќањето на насилството и родовите стереотипи. Во други истражувања доживеаното насилството во врска се покажува поврзано со ниската самодоверба кај адолесцентите (Ackard et. al., 2003; Callahan, Tolman & Saunders, 2003; Hodzic, 2007; O'Keefe, 1998; O'Keefe, 2005), а особено ниската самодовеба кај момчињата ја зголемува веројатноста да бидат жртви на насилство во романтичните врски кај адолесцентите (Foshee et. al., 2000; Foshee et. al., 2004; Foshee, Bauman, Ennet, Linder, Benefield& Suchindran, 2004). Други истражувања зборуваат за несигурноста во адолесцентнтите романтични врски како ризици за појавата на насилство, поврзани со недоволно развиените вештини за конструктивна комуникација на адолесцентите (Draucker, Martsolf, & Stephenson, 2012; Hodzic, 2007) и агресивното однесување (Draucker, et al., 2010). Употребата на алкохолот и дрогите се покажа значајно поврзана со доживеаното насилство (Ackard et. al., 2003; Hodzic, 2007; Testa, Hoffman & Leonard, 2011; Saewyc et al., 2009), односно употребата на алкохол го зголемува двапати повеќе ризикот од доживување насилство, и е значаен предиктор за доживување на насилство, во романтична адолесцентна врска (Ramisetty-Mikler et al., 2006). Истражувањата кои зборуваат за поврзаноста помеѓу употребата на психоактивни супстанции (алкохол и дроги) и доживеаното насилство во адолесцентите врски, одат во прилог на потврда дека тие особено кај девојчињата го зголемуваат ризикот од искуство на доживеано насилство (Vezina et al., 2007).

## Истражувачки хипотези

Релевантните истражувања покажуваат дека извршувањето на партнерското насилство во адолесцентните врски е поврзано со прифаќањето на насилството (Foshee et. al, 2001; Miller et. al., 2009; Vezina et. al., 2007), родовите норми и стереотипи (Reed et. al, 2011), неконструктивните начини на разрешување на конфликти (Capaldi et al., 2012; Wolf et. al, 2003) и агресивноста (Foshee et. al, 2001). Со намалување на самодовербата (O'Keefe, 1998; O'Keefe, 2005;Vezina et al., 2007), зголемување на употребата на супстанции (Capaldi et al., 2012; Reyes et al., 2011; Rothman et al., 2010; Rothman et al., 2012; Saewyc et al., 2009; Vezina, et al., 2007) се зголемува извршеното насилство кај адолесцентите во врска. Оттука може да ја изведеме првата хипотеза која гласи:

**Хипотеза 1.**

*Извршеното насилство во романтичните врски кај адолесцентите од женски и машки пол се зголемува со зголемување на прифаќањето на насилството, на степенот на вештините за разрешување конфликти, родовите стереотипи, на агресивноста и на употребата на супстанции, односно со намалување на самодовербата.*

Иако не се секогаш еднозначни, голем број досега прибрани емпириски податоци одат во прилог на тоа дека виктимизацијата кај адолесцентите од женски пол во партнерските врски е поврзана со: прифаќањето на насилството и родовите стереотипи (Foshee et al., 2000; Foshee et al., 2004), ниската самодоверба (Ackard et. al., 2003; Callahan et. al., 2003; Hodzic, 2007; O'Keefe, 1998; O'Keefe, 2005), недоволно развиените вештини за конструктивна комуникација (Draucker et al., 2012; Hodzic, 2007) и употребата на психоактивни супстанции (Testa et. al., 2011; Saewyc et al., 2009; Vezina et al., 2007), од што се изведува втората хипотеза на ова истражување, која гласи:

**Хипотеза 2.**

*Доживеаното насилство во романтичните врски кај адолесцентите од женски пол се зголемува со зголемување на прифаќањето на насилството, на степенот на*

*вештините за разрешување конфликти, на родовите стереотипи и на употребата на супстанции, односно се намалува со намалување на самодовербата.*

Поголемиот број на релевантни истражувања укажаат дека доживеаното насилство во партнерските врски кај адолесцентите од машки пол е поврзано со: прифаќањето на насилството и родовите стереотипи (O'Keefe, 1998; O'Keefe, 2005), ниската самодоверба (Foshee et al., 2004; Foshee et. al., 2000), недоволно развиените вештини за конструктивна комуникација (Draucker et al., 2012; Hodzic, 2007), агресивното однесување (Draucker et al., 2010) и употребата на психоактивни супстанции (Ackard et. al., 2003; Hodzic, 2007; Testa et. al., 2011; Saewyc et al., 2009). За да се проверат факторите кои се корелати на доживеаното насилство кај момчињата, се постави трета хипотеза која е формулирана на следниов начин:

**Хипотеза 3.**

*Доживеаното насилство во романтичните врски кај адолесцентите од машки пол се зголемува со зголемувањето на прифаќањето на насилството, на родовите стереотипи, употребата на супстанции, на степенот на вештините за разрешување конфликти и на агресивноста, односно со намалување на самодовербата.*

Најчесто проучувани фактори на ризик во релевантните истражувања како предиктори за извршеното и доживеаното насилство се прифаќањето на насилството, родовите стереотипи, агресивноста и употребата на супстанции. Во релевантните истражувања како значајни фактори на ризик за доживеаното насилство во партнерските врски се покажале: прифаќањето на насилството и родовите стереотипи (Foshee et al., 2000; Foshee et. al, 2001;Foshee et al., 2004; Miller et. al., 2009; Reed et. al, 2011;Vezina et al., 2007) агресивноста (Foshee et. al, 2001) и употребата на супстанции (Capaldi et al., 2012; Foshee et. al, 2001; Reyes et al., 2011). Од друга страна прифаќањето на насилството (Foshee et al, 2000; Foshee et al, 2004; Hodzic, 2007; O'Keefe, 1998; O'Keefe, 2005) и употребата на алкохол се покажале како значајни фактори на ризик за доживување на насилство во романтичните адолесцентни врски (Ackard et. al., 2003; Ramisetty-Mikler et al., 2006; Saewyc et al., 2009; Testa, Hoffman & Leonard, 2011; Hodzic, 2007).

Развојот на односите со другите (семејството, врсниците, интимните партнери) во периодите на средната и доцната адолесценција секако им овозможуваат на адолесцентите да минат низ процесот на промена и созревање врз основа на релациите со другите. Искуствата на адолесцентите со семејството, врсниците и партнерите може да бидат позитивни и да придонесат кон развој на кооперативност и конструктивност или пак да бидат негативни и да доведат до појава на неконструктивност и агресивност во реалициите (Lackovic-Grgin, 2005). Младата индивидуа, иако импулсивна, се наоѓа во еден период на премин од детски модели на однесување кон поматурациски возрасни модели на однесување. Оваа сериозна задача кај адолесцентот предизвикува зголемување на напнатоста и анксиозноста, развојни емоционални (интернализацијата) и бихевиорални (екстернализација) проблеми (Saarni, Campos, Camras & Witheringtong, 2008). Периодот на средната и доцната адолесценција се релативно блиски во однос на развојните кризи и проблеми и одредени екстернализирачки проблеми, како употребата на супстанции (World Health Organization, 2014) со најголема преваленција до 15-19/20 години, и агресивното однесување кое најчесто завршува со периодот на адолесценцијата (Dodge, Coie & Lynam, 2008). Сепак во периодот на средната адолесценција, адолесцентите во поголема мера се насочени кон истражување, додека во периодот на доцната адолесценција, адолесцентите ги разбирааат правилата и се конфронтираат со истите (Lackovic-Grgin, 2005). Врз основа на споменатите релевантни истражувања, произлегува поставувањето на четврта и пета хипотеза, кои гласат:

**Хипотеза 4.**

*Употребата на супстанции, родовите стереотипи, прифаќањето на насилството и агресивноста се подобри предиктори на извршеното насилство во доцната адолесценција отколку во средната адолесценција.*

**Хипотеза 5.**

*Употребата на супстанции и прифаќањето на насилството се подобри предиктори на доживеаното насилство во доцната адолесценција отколку во средната адолесценција.*

# МЕТОД

## Испитаници

Достапната популација на која се однесува оваа студија се адолесценти од средна и доцна адолесеценција, кои се редовни ученици во трета и четврта година, запишани во средните училишта во Скопје, во учебната 2013/2014 година, како и сите студенти во трета и четврта година на факултетите во Скопје, запишани во академската 2013/2014 година, кои редовно ја посетуваат наставата.

Во истражувањето е пристапено на вкупно **1233 испитаници**, (табела 1.) од кои 650 ученици и 583 студенти, но во согласност одговорот на прашањето: „*Дали во последните 12 месеци си бил/а во љубовна врска?*", и критериумот искуство во врска во последните 12 месеци, во примерокот, за понатамошната анализа се селектирани **850 испитаници**, а отфрлени 383 заради тоа што не го исполнуваат основното барање (да бидат во романтична врска). Само два испитаника (еден ученик и еден студент) известија дека не можат да одговорат на прашалникот, бидејќи начинот на кој се формулирани прашањата не е во согласност со нивната сексуална ориентација[1].

Табела 1. Приказ на испитаниците на кои е пристапено во истражувањето

| Ниво на образование | *Дали во последните 12 месеци си бил/а во љубовна врска?* | | |
|---|---|---|---|
| | Не | Да | Вкупно |
| Средно училиште | 240 | 410 | 650 |
| Факултет | 143 | 440 | 583 |
| Вкупно | 383 | 850 | 1233 |

Истражувањето е направено врз пригоден примерок од вкупно **850 испитаници**, кој се состои од две возрасни подгрупи: првата се ученици во периодот на средна

[1] **Сексуална ориентација.** Предмет на ова истражување се адолесцентните хетеросексуални врски. Со одговор на прашањето во прашалникот за машка/женска верзија на прашалникот: „*Дали во последните 12 месеци си бил/а во љубовна врска - си имал девојка/момче, (заокружи) да или не*", испитаникот/испитаничката имплицитно се произнесува и во однос на сексуалната ориентација.

адолесценција, вкупно 410 (48,2%) од средните училишта, а втората се студенти во периодот на доцна адолесценција, вкупно 440 (51,8%) од факултетите во Скопје.

Од вкупниот број субјекти во примерокот, 448 (52,7%) се женски и 402 (47,3%) се машки. Учениците и студентите биле во врска просечно 20.26 месеци. Деталните информации за структурата на примерокот според полот и возрасната група во однос на возраста и просечното траење на врската се дадени, во табела 2.

Табела 2. Структура на примерокот на испитаници (пол, возраст и траење на врската)

| | Ученици и студенти | | | Ученици | | | Студенти | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно | машки | женски | вкупно | машки | женски | вкупно | машки | женски |
| **Број на ученици и студенти** | 850 | 402 | 448 | 410 | 197 | 213 | 440 | 205 | 235 |
| **Процентуална застапеност** | 100 | 47,3% | 52,7% | 48,2% | 48,0% | 52,0% | 51,8% | 46,6% | 53,4% |
| **Просечна возраст во години на испитаниците** | 19.76 | 19.72 | 19.79 | 17.52 | 17.57 | 17.48 | 21.84 | 21.80 | 21.88 |
| **Просечно траење на врската изразена во месеци** | 20.26 | 14.92 | 19.43 | 9.88 | 9.04 | 10.65 | 24.14 | 20.48 | 27.32 |

*Првата подгрупа испитаници* се ученици во периодот на средна адолесценција од трета и четврта година, во 3 гимназиски и 3 стручно-технички средни училишта во Скопје. Од секое од овие средни училишта беше направен случаен избор на 2 класа во трета година и 2 класа во четврта година, така што беа опфатени вкупно 24 класа, по 12 од гимназиските и стручно-технички средни училишта. Следниве гимназии со соодветниот број на ученици се вклучени во истражувањето: „Јосип Броз Тито" (N=53), „Панче Арсовски" (N=79) и „Никола Карев" (N=76). Од стручно-техничките средни училишта со опишаниот број беа опфатени: „Арсени Јовков" (N=91), (економско-правна и трговска струка), „Здравко Цветковски" (N=58), (градежно-геодетска струка) и „Браќа Миладиновци" (N=53), (земјоделско-ветеринарна струка).

*Втората подгрупа испитаници* во примерокот се студенти на трета и четврта година на студии на општествените, хуманистичките и техничко-технолошките факултети (вкупно 440 испитаници) во Скопје. Од вкупниот број на студенти, 205

(46,6%) се машки испитаници, а 235 (53,4%) се женски. Просечната возраст на студентите изнесува 24.14 години, а разликата во возраста кај женските студенти (*M*=27.32*)* е поголема во однос на машките студенти (*M* =20.48) - табела 2. Во истражувањето беа вклучени студенти од 11 факултети од од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кои студираат на некои од избраните општествени, хуманистички и техничко-технолошки факултети. Во примерокот се вклучени студенти од факултетите, со следниов број испитаници: Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство (N=21), Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ (N=18), Стоматолошки и Медицински факултет (N=56), Шумарски факултет (N=25), Технолошко-металуршки факултет (N=19), Машински факултет (N=13), Правен факултет „Јустинијан Први“(N=44), Факултет за физичко образование, спорт и здравје (45), Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер (N=14), во рамки на Филозофски факултет, Институтите: за Психологија (N=60), Педагогија (N=29) и Институт за Социјална работа (N=71) и Факултет за земјоделски науки и храна (N=25).

## Мерни инструменти и варијабли во истражувањето

Во актуелното истражување во мерниот инструмент користени се следниве скали: скалите безбедни врски (Safe Dates Scales) и тоа: скала на прифаќање на насилството; скала на извршено психичко насилство; скала на извршено физичко и сексуално насилство; скала на доживеано психичко насилство; скала на доживеано физичко и сексуално насилство; скала на вештини за разрешување на конфликти, вкупно шест, кои се применети во истражувањата на авторката Фоши со соработниците (Foshee et al., 2004), скалата за самодоверба на Розенберг (Rosenberg et al., 1995), скалата на агресивност на Бас-Пери (Buss et al., 1992), скалата за родови стереотипи (Attitudes towards Women Scale) на авторите Спенс и Хелмрејх (Spence, Helmreich, & Stapp, 1973) и скалата за употреба на супстанции (Centres for Disease Control and Prevention, 2013; Currie et al., 2012). Операционалното дефинирање на варијаблите е направено врз основа на инструментите кои се користени во истражувањето. Внатрешната хомогеност на скалите беше проверена преку утврдување на Кронбах алфа-коефициентите на скалите односно нивните супскали (табела 3.).

Табела 3. Внатрешна хомогеност на скалите применети во истражувањето

| Скали применети во истражувањето | Кронбах-алфа коефициент | Број на ајтеми |
|---|---|---|
| Скала на прифаќање на насилство во љубовна врска | .79 | 8 |
| Скала на извршено психичко насилство | .72 | 14 |
| Скала на извршено физичко и сексуално насилство | .76 | 20 |
| Скала на доживеано психичко насилство | .80 | 14 |
| Скала за доживеано физичко и сексуално насилство | .77 | 20 |
| Скала за родови стереотипи | .78 | 15 |
| Скала на вештини за разрешување конфликти | .61 | 13 |
| Скала на агресивност | .87 | 29 |
| Скала на самодоверба | .76 | 10 |
| Скала на употреба на супстанции | .65 | 6 |

Речиси сите скали имаат релативно висока внатрешна хомогеност при што Кронбах алфа-коефициентите имаат вредности од α=.61 до α=.87. Со нешто пониска

внатрешна хомогеност се скалите *употреба на супстанции*, каде Кронбах алфа-коефициент изнесува α=.65 и *вештини за разрешување на конфликти*, со износ на Кронбах алфа-коефициент α=.61, но, имајќи го предвид бројот на ајтеми и видот на скалите, како и природата на варијаблите што ги мерат, тие може да се третираат како солидно конзистентни.

Во мерниот инструмент покрај прашањата кои се се групирани во 10 скали опишани во текстот кој следи, се зададени и прашања кои се однесуваат на основните податоци за испитаниците. Мерниот инструмент е изготвен во две верзии (машка и женска верзија), а во прилог 1., е дадена машката верзија на прашалникот. Во женската верзија прашањата се идентични, но формулирани во женски род.

**Скалата за прифаќање на насилството во љубовна врска** (Safe Dates Scales) на авторката Фоши со соработниците, (Foshee et al., 2004) се состои од осум тврдења. Учениците/студентите го изразуваат своето согласување на четиристепена скала, при што *воопшто не се согласувам* е квантификувана со 0, *делумно не се согласувам* со 1, *се согласувам* со 2 и *сосем се согласувам* со 3.

**Варијаблата прифаќање на насилството во љубовна врска** се мери преку скор добиен на скалата на прифаќање на насилството (Foshee et al., 2004). Скорот може да варира од 0 до 24. Повисокиот скор укажува на повисок степен на прифаќање на насилство во врската, а пониският скор укажува на понизок степен на прифаќање на насилството во врската. Вредноста на алфа-коефициентот добиен на американска популација на адолесценти изнесува α=.81 (Foshee et al., 2004).

**Скалата на извршеното психичко насилство** (Safe Dates Scales) се состои од четиринаесет тврдења (Foshee et al., 2004). Учениците/студентите го изразуваат своето искуство на извршено психичко насилство преку означување за секое тврдење колку често во последните 12 месеци тие се однесувале кон нивното момче/нивната девојка на начинот опишан во секое тврдење, при што: *никогаш* се кодира 0, *ретко* се кодира со 1, понекогаш со 2 и *многу често* со 3.

**Варијаблата извршеното психичко насилство** се мери преку скор изразен на скалата *извршено психичко насилство* (Foshee et al., 2004). Скорот за извршеното психичко насилство може да варира од 0 до 42. Повисокиот скор укажува на повисок степен на извршено психичко насилство, а пониският скор укажува на понизок степен на извршено психичко насилство. Алфа-коефициентот за извршување на психичко насилство изнесува α=.88 за примерок од американска популација на адолесценти (Foshee et al., 1998).

**Скала на извршено физичко и сексуално насилство** (Safe Dates Scales) се состои од од вкупно дваесет тврдења и две супскали: супскала за *извршено физичко насилство* (со вкупно 16 тврдења) и супскала за *извршено сексуално насилство* (Foshee et al., 2004), со вкупно 4 тврдења. Учениците/студентите го изразуваат своето искуство на извршено физичко и сексуално насилство преку означување за секое тврдење: *Колку често е веројатно да си направил нешто од долунаведеното во последните 12 месеци кога си бил во љубовна врска, но не во самоодбрана,* при што: *никогаш* се кодира 0, *1 до 3-пати* се кодира со 1, *4 до 9-пати* со 2 и *10 или повеќе пати* со 3.

**Варијаблата извршено физичко и сексуално насилство** се мери преку скор изразен на скалата *извршено физичко и сексуално насилство* (Foshee et al., 2004). Скорот за извршено физичко и сексуално насилство може да варира од 0 до 60. Повисокиот скор укажува на повисок степен на извршено физичко и сексуално насилство, а понискиот скор укажува на понизок степен на извршено физичко и сексуално насилство.

**Скалата на доживеано психичко насилство** (Safe Dates Scales) се состои од четиринаесет тврдења (Foshee et al., 2004). Учениците/студентите го изразуваат своето искуство на доживеано психичко насилство преку изјаснување на четиристепена скала, со означување за секое тврдење колку често во последните 12 месеци нивното момче/нивната девојка се однесувале кон него/неа на начинот опишан во секое тврдење, при што: *никогаш* се кодира 0, *ретко* се кодира со 1, понекогаш со 2 и *многу често* со 3.

**Варијаблата на доживеано психичко насилство** се мери преку скорот добиен на скалата на доживеано психичко насилство (Foshee et al., 2004) и може да варира од 0 до 42. Повисокиот скор укажува на повисок степен на доживеано психичко насилство, а понискиот скор укажува на понизок степен на доживеано психичко насилство. Алфа-коефициентот за психолошката виктимизација, добиен на примерок од американска популација адолесценти изнесува $\alpha = .91$ (Foshee et al., 1998; Foshee et al., 2004).

**Скала за доживеаното физичко и сексуално насилство** (Safe Dates Scales) на авторката Фоши (Foshee et al., 2004) се состои од дваесет тврдења и две супскали: супскала за *доживеано физичко насилство* (со вкупно 16 тврдења) и супскала за *доживеано сексуално насилство* (со вкупно 4 тврдења). Своето искуство на доживеано физичко и сексуално насилство, учениците/студентите го изразуваат

преку означување за секое тврдење: *Колку често е веројатно да си доживеал нешто од долунаведеното во последните 12 месеци кога си бил во љубовна врска, но не во самоодбрана,* при што: *никогаш* се кодира 0, *1 до 3-пати* се кодира со 1, *4 до 9-пати* со 2 и *10 или повеќе пати* со 3.

**Варијаблата доживеано физичко и сексуално насилство** се мери преку скор добиен на скалата на *доживеаното физичко и сексуално насилство* (Foshee et al., 2004). Скорот за доживеано физичко и сексуално насилство може да варира од 0 до 60. Повисокиот скор укажува на повисок степен на доживеано физичко и сексуално насилство, а пониският скор укажува на понизок степен на доживеано физичко и сексуално насилство.

**Скалата на родови стереотипи** (Attitudes towards Women Scale) на авторите Спенс и Хелмрејх (Spence et al., 1973) се состои од вкупно петнаесет тврдења дадени во прилог 1. Во скалата, осум тврдења се инверзно кодирани. Учениците/студентите го изразуваат своето согласување на четиристепена скала, при што *воопшто не се согласувам* е кодирана со 0, *делумно не се согласувам* со 1, *се согласувам* со 2 и *сосем се согласувам* со 3.

**Варијаблата родови стереотипи** се мери преку скор добиен на скалата за *родови стереотипи* (Spence et al., 1973). Скорот може да варира од 0 до 45. Повискиот скор укажува на повисок степен на родови стереотипи, понискиот скор укажува на понизок степен на родовите стереотипи. Вредноста на Кронбах алфа-коефицентот на американска популација адолесценти варира од $\alpha=.72$ за женските до $\alpha=.78$ за машките адолесценти (Galambos, Petersen, Richards & Gitelson, 1985).

**Скалата вештини за разрешување на конфликти** (Safe Dates Scales) е составена од тринаесет тврдења дадени во прилог 1., (Foshee et al., 2004). Во скалата инверзно се кодирани шест тврдења. Учениците/студентите го изразуваат своето согласување на четиристепена скала, при што се запрашани „*Во изминатите 12 месеци, кога си имал несогласување во релациите со врсниците, партнерот/партнерката, другарите, колку од времето си ги правел следните нешта?*". Испитаниците на дадените тврдења го изразуваат своето согласување на четиристепена скала, при што *никогаш* е квантификувана со 0, *ретко* со 1, *често* со 2 и *речиси секогаш* со 3.

**Варијаблата вештини за разрешување на конфликти** се мери преку скор добиен на скалата на вештини за разрешување на конфликтите (Foshee et al., 2004). Скорот може да варира од 0 до 39. Повисокиот скор укажува на користење на

неконструктивни вештини за разрешување на конфликти, додека пониskиот скор укажува на користење на поконструктивни вештини за разрешување на конфликти. Вредноста на Кронбах алфа-коефициентот за скалата вештини за разрешување конфликти варира помеѓу α=.75 и α=.90 (Foshee et al., 2000; Foshee et al., 2004) на американска популација на адолесценти.

**Скалата на агресивност** се мери преку скор добиен на скалата за агресија (Buss-Perry Aggresion Questionnaire) и се состои од 29 тврдења (Buss et al.,1992), дадени во прилог 1. На скалата за агресија, две тврдења се инверзно кодирани. На петстепена скала испитаниците го изразуваат своето не/согласување, при што *воопшто не се согласувам* е кодирана со 1, *делумно не се согласувам* со 2, *делумно се согласувам* со 3, *се согласувам* со 4 и *сосема се согласувам со* 5.

**Варијаблата агресивност** се мери преку скор добиен на скалата за агресија (Buss-Perry Aggresion Questionnaire) со варијација од 29 до 145. Повисокиот скор укажува на повисок степен на агресивност, а пониskиот скор укажува на понизок степен на агресивност. Вредноста на Кронбах алфа-коефициентот за психолошкиот конструкт агресија варира од α=.72 до α=.89 (Buss et al.,1992) на американска популација на адолесценти.

**Скалата на самодоверба** на Розенберг (Rosenberg Self-Esteem Scale) се состои десет тврдења (Rosenberg et al., 1995). Испитаниците треба да одредат колку се согласуваат со секое поодделно тврдење на четиристепена скала, при што *воопшто не се согласувам* е кодирана со 0, *делумно не се согласувам* со 1, *делумно се согласувам* со 2 и *се согласувам* со 3. На скалата, пет тврдења се инверзно формулирани.

**Варијаблата самодоверба** се мери преку скор добиен на скалата на Розенберг за самодоверба (Rosenberg Self-Esteem Scale) со варијација на скор од 0 до 30. Повисокиот скор укажува на повисок степен на самодоверба, а пониskиот скор укажува на понизок степен на самодоверба кај испитаниците (Rosenberg et al., 1995; Greenberger, Chen, Dmitrieva, Farruggia, 2003). Интерната конзистентност на скалата е α=.88 зададена на американска популација адолесценти (Rosenberg et al., 1995).

**Скалата за употреба на супстанции** се состои од вкупно 6 прашања (три, за алкохол и три, за дрогите) со понудени одговори дадени во целокупниот инструмент. Во ова истражување, прашалникот е конструиран врз основа на моделот на прашалник употребуван во Република Македонија (Тозија, Ѓорѓев, Ќосевска & Кендровски, 2009; Centres for Disease Control and Prevention, 2013). Прашањата за

употреба на алкохол и droги се дел од модулите на прашалникот применет во Македонија, на репрезентативен примерок на адолесценти, адаптиран според Прашалникот за глобалното истражување на здравјето на адолесцентите на СЗО и Центарот за контрола и превенција на болести во Атланта, САД (Centres for Disease Control and Prevention, 2012; Centres for Disease Control and Prevention, 2013; Currie et al., 2012).

Во однос на употребата на алкохолот испитаниците треба да одговорат со кое тврдење најмногу се согласуваат на петстепена скала со понудени одговори. На првото прашање: „*Во изминатите 30 дена, во колку денови си испил/а барем еден пијалак кој содржи алкохол ?*“, испитаниците треба да одредат колку се согласуваат со секое поделно тврдење на петстепена скала, при што *во ниту еден ден* е кодирано со 0, *1 или 2 дена* со 1, *3 до 8 дена* со 2, *9 до 20 дена* со 3 и *над 21 ден* со 4. На второто прашање за алкохолот: „*Во изминатите 30 дена, во деновите кога си пиел алкохол, колку пијалаци обично си пиел во еден ден?*“ испитаниците треба да одредат колку се согласуваат со секое поделно тврдење на петстепена скала, при што *немам испиено алкохол во изминатите 30 дена* е кодирано со 0, *1 пијалак* со 1, *2-3 пијалаци* со 2, *3 пијалаци* со 3 и *5 или повеќе пијалаци* со 4. На третото прашање: „*Во текот на твојот живот, колку пати си испил толку многу алкохол, така што си бил навистина пијан?*“ испитаниците треба да одредат колку се согласуваат со секое поделно тврдење на петстепена скала, при што *ниту еднаш* е кодирано со 0, *1 или 2-пати* со 1, *3 до 5-пати* со 2, *6 до 9-пати* со 3 и *10 или повеќе пати* со 4. Наредните три прашања кои се однесуваат на употреба на droги, од испитаниците се бара да одговорат на прашањата за употреба на три различни видови дрога: „*Во изминатите 30 дена, во колку денови си употребил дрога како марихуана, хероин, дрога во вид на апчиња (како екстази, смајли и сл.)?*“. На сите три прашања испитаниците треба да одредат колку се согласуваат со секое поделно тврдење на петстепена скала, при што *во ниту еден ден* е кодирано со 0, *1 или 2 дена* со 1, *3 до 8 дена* со 2, *9 до 20 дена* со 3 и *над 21 ден* со 4.

**Варијаблата употребата на супстанции** се мери преку скор добиен на скалата за употреба на алкохол и droги, и е квантификувана на тој начин што на различните алтернативи од тврдењата од прашалникот им се припишуваат пондерирани квантитативни вредности, така што повисокот скор укажува на поголема употреба на супстанции, а понискиот скор укажува на помала употреба на супстанции.

## Постапка

Во рамки на подготовка на истражувањето беше испланирано спроведување на: 1.) пилот-истражување и 2.) главно истражување. За да се овозможи спроведување на теренскиот дел од истражувањето, се пристапи кон планирање и подготовка на истражувањето. За целите, како и за можноста за спроведување на истражувањето, беа контактирани и информирани средните училишта и факултетите. Беше добиена согласност и договорена динамиката на спроведување на истражувањето.

Пилот-истражувањето беше спроведено на ученици од средно училиште (N=52) во периодот на месец март, 2014 година со цел да се провери генералната употребливост на мерните инструменти, разбирливоста на прашањата и упатствата и да се утврди времетраењето неоходно за пополнувањето на прашалникот. Во скалите не беа најдени неразбирливи тврдења, а двосмислените беа преформулирани.

По завршување на пилот-истражувањето, а во согласност со резултатите за внатрешната хомогеност на скалите беше направена ревизија на прашалниците и беа избрани за понатамошно користење оние скали со најоптимални карактеристики. Финалниот прашалник опфаќа прашања кои се однесуваат на: полот, возраста, името на училиштето/факултетот, која година е ученикот/студентот во образованиот процес, искуство на ученикот/студентот во љубовна врска во последните 12 месеци, времетраење на врската,возраст на девојката/момчето со кое се или биле во љубовна врска, и понатаму следат тврдења дадени преку 10 скали (дадени во прилог 1., претходно претставени). Прашалникот беше подготвен и зададен на македонски јазик, со модифицирање на прашањата за машката и женската верзија. Ефектите на редоследот беа неутрализирани со ротирање на редоследот на задавање на инструментите. По ревизијата на прашалникот, се пристапи кон планирање и подготовка на главното теренско истражување.

Во секое од избраните средни училишта беа одбрани по два класа од трета и по два класа од четврта година, на кои им беше поделена родителска согласност (само за ученици под 18 години) дадена во прилог 2. Оние родители кои не сакаа нивното дете да учествува во истражувањето имаа можност да потпишат несогласување за учество во истражувањето и не беа вклучени во истражувањето.

Во ова истражување инструментите се администрираа групно. На учениците /студентите им беше даден самоизвестувачки прашалник со информирана согласност (дадена во прилог 3) на почетокот на прашалникот и усмено упатство за пополнување на прашалникот. Информираната согласност и усменото упатство дадоа јасна информација за: а.) целта на истражувањето, б.) информација дека учеството во истражувањето е доброволно и анонимно, в.) информација дека испитаниците имаат можност во секој момент за време на самото истражување да го напуштат учеството. Поради предметот на самото истражување на учесниците во студијата им беше дадена можност, доколку темата предизвика одредена вознемиреност: а.) веднаш да се обратат на оној кој го води процесот на истражувањето и да добијат соодветно психолошко советување или информација за понатамошно продлабочено советување, б.) можност во секој момент за време на самото истражување да го напуштат учеството.

Теренското истражување се спроведе во период од 7 април до 15 мај, 2014 година, во 6 средни училишта и 11 факултети, во Скопје.

## Статистичка обработка на податоците

За проверка на релијабилноста на инструментите (скалите) се утврдија коефициентите на интерна конзистентност на скалите со користење на Кронбах-алфа коефициентот. При статистичката обработка на податоците, за проверка на хипотезите се користеа следниве статистички постапки: утврдување дескриптивни показатели, коефициенти на корелација (Пирсонов, односно поинт-бисериски коефициент на корелација, во зависност од природата на дистрибуцијата на варијаблите) и логистичка регресија. Степенот на статистичка значајност за сите анализи, е на ниво од $p<.05$. За проверка на хипотезите 1., 2. и 3. се користеше корелација, а за проверка на хипотезата 4. и 5. се користеше логистичка регресија.

# РЕЗУЛТАТИ

Резултатите од анализата на прибраните податоци се претставени во неколку дела. Во првиот дел, се прикажани резултатите преку дескриптивна анализа и претставување на дескриптивните показатели во однос на извршеното и доживеаното насилство и индивидуалните фактори на ризик, според пол и во рамки на двете развојни групи.

Во вториот дел, се прикажани резултатите согласно поставените хипотеза 1., хипотеза 2., хипотеза 3., преку претставување на поодлените корелации на индивидуалните фактори на ризик со извршеното и доживеаното насилство кај адолесцентите.

Во третиот дел, во согласност со поставените хипотези 4. и 5., се претставени резултатите од логистичка регресија во однос на тоа кои се подобри предиктори за извршеното и доживеаното насилство во доцната адолесценција, односно во средната адолесценција.

## Дескриптивни показатели

Од спроведената дескриптивна анализа прикажани се скоровите за сите вклучени варијабли преку аритметичките средини (*M*) и стандардните отстапувања (*SD*) за секоја поединечна варијабла вклучена во истражувањето за сите адолесценти (N=850), за адолесцентите во периодот на средната адолесценција (N=410) и за адолесцентите во периодот на доцната адолесценција (N=440), а во рамки на сите прикази, просечните вредности се прикажани и според пол. Во секоја табела е прикажан добиениот опсег на скорови за варијаблите добиени во истражувањето.

***Дескриптивни показатели за извршено (психичко, физичко и сексуално) насилство во адолесцентните врски***

Во табела 4., се прикажани дескриптивните показатели: аритметичките средини (*M*), стандардните отстапувања (*SD*) и добиениот опсег на скорови за варијаблите *извршено (психичко, физичко и сексуално) насилство* и пооделните видови насилство. Во однос на *извршено (психичко, физичко и сексуално) насилство* (табела 4.), просечниот скор кај сите адолесценти изнесува *M*=9.44[2], со *SD*=8.13. Вредности на дескриптивните показатели за пооделните видови насилство се следат во табела 4. Фрекфенциите и процентот на застапеност за варијаблите *извршено (психичко, физичко и сексуално) насилство* се дадени во табела 2., прилог 4. Се забележува висока застапеност на извршеното насилство кај адолесцентите, која изнесува 97, 8%. Исто така резултатите упатуваат на висока преваленција кај адолесцентите за сите три форми на насилство: извршено психичко насилство со 93,5%, извршено физичко насилство со 85,2% и 11,6% за извршено сексуално насилство.

Табела 4. Дескриптивни показатели за варијаблите - извршено насилство и пооделните видови насилство кај сите адолесценти

| | M за сите адолесценти (N=850) | SD | Добиен опсег на скоровите |
|---|---|---|---|
| Извршено психичко, физичко и сексуално насилство | 9.44 | 8.13 | 0-64 |
| Извршено психичко насилство | 5.06 | 4.47 | 0-27 |
| Извршено физичко насилство | 4.08 | 4.42 | 0-31 |
| Извршено сексуално насилство | 0.3 | 1.11 | 0-10 |

Во табела 4а., се дадени вредностите на дескриптивните показатели за варијаблите *извршено насилство вкупно*, како и пооделните видови на *извршено насилство: психичко, физичко и сексуално* кај сите адолесценти (N=850) според полот. Кај машките испитаници просечниот скор за *извршено: психичко, физичко и сексуално насилство* изнесува *M*=10.34, со *SD*=8.53, а кај женските адолесценти

[2] Начинот на прикажување на броевите е во склад со APA стандардите за презентирање на резултати.

*M*=8.63, со *SD*=7.67. Другите вредности на дескриптивните показатели за поеделните видови насилство за адолесцентите од мажки и женски пол се следат во табела 4а.

Табела 4а. Дескриптивни показатели за варијаблите - извршено насилство и поеделните видови насилство кај сите адолесценти според пол

| | М за сите машки адолесценти (N=402) | SD | М за сите женски адолесценти (N=448) | SD |
|---|---|---|---|---|
| Извршено психичко, физичко и сексуално насилство | 10.34 | 8.53 | 8.63 | 7.67 |
| Извршено психичко насилство | 5.28 | 4.53 | 4.86 | 4.41 |
| Извршено физичко насилство | 4.5 | 4.24 | 3.71 | 4.55 |
| Извршено сексуално насилство | 0.57 | 1.52 | 0.06 | 0.39 |

Дескриптивните показатели (просечните скорови-*М* и стандардните остапувања-*SD*), се прикажани во табела 5., за варијаблите *извршено насилство* вкупно, како и поеделните видови на *извршено* насилство: *психичко, физичко и сексуално* за адолесцентите од периодот на средната адолесценција (учениците). Вредностите на останатите дескриптивните показатели во однос на поеделните видови на *извршено* насилство: *психичко, физичко и сексуално* за адолесцентите од периодот на средната адолесценција (учениците) се прикажани во табела 5.

Табела 5. Дескриптивни показатели за варијаблите - извршено насилство и поеделните видови насилство кај сите адолесценти од средната адолесценција (ученици)

| | М за сите ученици (N=410) | SD | Добиен опсег на скорови |
|---|---|---|---|
| Извршено психичко, физичко и сексуално насилство | 10.89 | 9.34 | 0-64 |
| Извршено психичко насилство | 5.57 | 4.93 | 0-27 |
| Извршено физичко насилство | 5 | 5.12 | 0-31 |
| Извршено сексуално насилство | 0.32 | 1.13 | 0-9 |

Во табела 5а., се прикажани дескриптивните показатели според пол за варијаблите за извршено насилство и видовите на извршеното насилство во адолесцентните врски, кај адолесцентите од средната адолесценција. За варијаблата *извршено насилство вкупно*, просечниот скор за машките ученици изнесува $M$=11.38, со $SD$=10.04, а кај женските адолесцентки од средната адолесценција просечниот скор изнесува $M$=10.44, со $SD$=8.65. Останатите вредности на дескриптивните показатели во однос на поодделните видови на *извршено* насилство: *психичко, физичко и сексуално* за машките и женските адолесценти од периодот на средната адолесценција (учениците) се прикажани во табела 5а.

Табела 5а. Дескриптивни показатели за варијаблите - извршено насилство и поодделните видови насилство кај сите адолесценти од средната адолесценција (ученици) според пол

| | M за сите машки ученици (N=197) | SD | M за сите женски ученици (N=213) | SD |
|---|---|---|---|---|
| Извршено психичко, физичко и сексуално насилство | 11.38 | 10.04 | 10.44 | 8.65 |
| Извршено психичко насилство | 5.75 | 5.16 | 5.41 | 4.72 |
| Извршено физичко насилство | 5.02 | 4.89 | 4.98 | 5.33 |
| Извршено сексуално насилство | 0.61 | 1.53 | 0.05 | 0.35 |

Дескриптивните показатели за варијаблите *извршено насилство* и видовите на извршеното насилство во адолесцентните врски, кај студентите се прикажани во табела 6. За варијаблата *извршено насилство вкупно*, просечниот скор изнесува $M$=8.09, со $SD$=6.52. Дескриптивните статистици во однос на варијаблите извршено насилство и како и за поодделните видови на насилство: *психичко, физичко и сексуално* кај студентите може да се видат во табела 6.

Табела 6. Дескриптивни показатели за варијаблите -извршено насилство и поoделните видови насилство кај сите адолесценти од доцната адолесценција (студенти)

| | M сите студенти (N=440) | SD | Добиен опсег на скорови |
|---|---|---|---|
| Извршено психичко, физичко и сексуално насилство | 8.09 | 6.52 | 0-47 |
| Извршено психичко насилство | 4.58 | 3.92 | 0-25 |
| Извршено физичко насилство | 3.23 | 3.45 | 0-27 |
| Извршено сексуално насилство | 0.28 | 1.1 | 0-10 |

Дескриптивните показатели за варијаблите за извршено насилство и видовите на извршеното насилство во адолесцентните врски, кај студентите од машки и женски пол се прикажани во табела 6а. За варијаблата *извршено насилство вкупно*, просечниот скор кај студентите од машки пол изнесува *M*=9.35, со *SD*=6.64. Кај студентите од женски пол , просечниот скор за варијаблата *извршено насилство вкупно* изнесува *M*=7, со *SD*=6.23. Дескриптивните статистици во однос на варијаблите извршено насилство и како и за поoделните *видови на насилство: психичко, физичко и сексуално* кај студентите од машки и женски пол може да се видат во табела 6а.

Табела 6а. Дескриптивни показатели за варијаблите -извршено насилство и поoделните видови насилство кај сите адолесценти од доцната адолесценција (студенти) според пол

| | M за сите машки студенти (N=205) | SD | M за сите женски студенти (N=235) | SD |
|---|---|---|---|---|
| Извршено психичко, физичко и сексуално насилство | 9.35 | 6.64 | 7 | 6.23 |
| Извршено психичко насилство | 4.83 | 3.80 | 4.36 | 4.05 |
| Извршено физичко насилство | 4 | 3.43 | 2.56 | 3.33 |
| Извршено сексуално насилство | 0.52 | 1.52 | 0.08 | 0.42 |

***Дескритптивни показатели за доживеано (психичко, физичко и сексуално) насилство во адолесцентните врски***

Дескриптивните статистици преку просечните скорови (*M*) и стандардните остапувања (*SD*), за варијаблата *доживеано насилство вкупно,* како и поделните видови на *доживеано насилство: психичко, физичко и сексуално* се прикажани за сите адолесценти, за учениците и за студентите поодело на секоја од варијаблите во табелите 7., 8., и 9.

Во табела 7., се прикажани дескриптивните показатели: аритметичките средини (*M*), стандардните отстапувања (*SD*), добиениот опсег на скорови за варијаблите *доживеано (психичко, физичко и сексуално) насилство* и поделните видови на насилство. Во однос на *доживеано (психичко, физичко и сексуално) насилство* (во табела 7.), просечниот скор кај сите адолесценти изнесува *M*=11.12, со *SD*=9. Останатите дескриптивни показатели поспецифично кај сите адолесцентите за поделните видови на *доживеано насилство: психичко, физичко и сексуално* се дадени во табела 7. Фрекфенциите и процентот на застапеност за варијаблите *доживеано (психичко, физичко и сексуално) насилство* се дадени во табела 2., прилог 4. Се забележува висока застапеност на вкупното доживеаното насилство, која изнесува 99,1%. Исто така резултатите упатуваат на висока преваленција кај адолесцентите за сите три форми на насилство: доживеано психичко насилство 96,4%, доживеано физичко насилство 88% и 11,1% за доживеано сексуално насилство.

Табела 7. Дескриптивни показатели за варијаблите - доживеано насилство и поделните видови насилство кај сите адолесценти

| | M за сите испитаници (N=850) | SD | Добиен опсег на скорови |
|---|---|---|---|
| **Доживеано психичко, физичко и сексуално насилство** | 11.12 | 9.00 | 0-65 |
| Доживеано психичко насилство | 6.59 | 5.74 | 0-35 |
| **Доживеано физичко насилство** | 4.28 | 4.45 | 0-33 |
| Доживеано сексуално насилство | 0.25 | 0.98 | 0-11 |

Во табела 7а., се прикажани дескриптивните показатели за варијаблите *извршено насилство* како и поделните видови на *доживеано насилство: психичко, физичко и сексуално* кај сите адолесценти (N=850) според пол. За варијаблата *доживеано (психичко, физичко и сексуално) насилство* просечниот скор кај машките адолесцентнти изнесува $M$=12.42, со $SD$=10, додека кај женските $M$=9.96, со $SD$=7.85. Останатите дескриптивни показатели поспецифично кај адолесцентите од машки и женски пол за поделните видови на *доживеано насилство: психичко, физичко и сексуално* се дадени во табела 7а.

Табела 7а. Дескриптивни показатели за варијаблите - доживеано насилство и поделните видови насилство кај сите адолесценти според пол

| | M за сите машки испитаници (N=402) | SD | M за сите женски испитаници (N=448) | SD |
|---|---|---|---|---|
| **Доживеано психичко, физичко и сексуално насилство** | 12.42 | 10 | 9.96 | 7.85 |
| Доживеано психичко насилство | 6.83 | 6.01 | 6.37 | 5.48 |
| **Доживеано физичко насилство** | 5.21 | 4.99 | 3.45 | 3.70 |
| Доживеано сексуално насилство | 0.38 | 1.27 | 0.14 | 0.60 |

Како што е прикажано во табела 8., за варијаблата *доживеано (психичко, физичко и сексуално) насилство* просечниот скор за сите ученици изнесува $M$=12.46, со $SD$=10.17. Подетално вредностите за просечните скорови и станадардните

отстапувања во однос на варијаблите *доживеано психичко, физичко и сексуално насилство* кај ученици се прикажани во табела 8.

Табела 8. Дескриптивни показатели за варијаблите - доживеано насилство и пооделните видови насилство за средната адолесценција (ученици) според пол

| | M за сите ученици (N=410) | SD | Добиен опсег на скорови |
|---|---|---|---|
| Доживеано психичко, физичко и сексуално насилство | 12.46 | 10.17 | 0-65 |
| Доживеано психичко насилство | 6.95 | 6.06 | 0-33 |
| Доживеано физичко насилство | 5.13 | 5.61 | 0-33 |
| Доживеано сексуално насилство | 0.38 | 1.27 | 0-11 |

Во табела 8а., за варијаблата *доживеано (психичко, физичко и сексуално) насилство* просечниот скор за машките ученици изнесува *M*=13.88, со *SD*=11.30, додека кај женските просечниот скор изнесува *M*=11.15, со *SD*=8.82. Подетално вредностите за просечните скорови и станадардните отстапувања во однос на машките и женските ученици за пооделните видови доживеано насилство се прикажани во табела 8а.

Табела 8а. Дескриптивни показатели за варијаблите - доживеано насилство и пооделните видови насилство за средната адолесценција (ученици) според пол

| | M за сите машки (N=197) | SD | M за сите женски (N=213) | SD |
|---|---|---|---|---|
| Доживеано психичко, физичко и сексуално насилство | 13.88 | 11.30 | 11.15 | 8.82 |
| Доживеано психичко насилство | 7.11 | 6.36 | 6.80 | 5.78 |
| Доживеано физичко насилство | 6.10 | 5.62 | 4.24 | 4.54 |
| Доживеано сексуално насилство | 0.68 | 1.72 | 0.1 | 0.48 |

Во табела 9., се прикажани дескриптивните статистици за варијаблите *доживеано насилство* вкупно и *видови на доживеано насилство* кај студентите. Во однос на варијаблата *доживеано (психичко, физичко и сексуално) насилство*

просечниот скор изнесува $M$=9.88, со $SD$=7.56. Понатамошните дескриптивните статистици за варијаблите *доживеано психичко, физичко и сексуално насилство* се прикажани во табела 9.

Табела 9. Дескриптивни показатели за варијаблите - доживеано насилство и поделните видови насилство кај студентите во доцната адолесценција

| | M за сите студенти (N=440) | SD | Можен опсег на скорови |
|---|---|---|---|
| Доживеано психичко, физичко и сексуално насилство | 9.88 | 7.56 | 0-50 |
| Доживеано психичко насилство | 6.25 | 5.41 | 0-35 |
| Доживеано физичко насилство | 3.49 | 3.47 | 0-23 |
| Доживеано сексуално насилство | 0.13 | 0.57 | 0-8 |

Во табела 9а., се прикажани дескриптивните статистици за варијаблите *доживеано насилство* вкупно и *видови на доживеано насилство* кај студентите од машки и женски пол. Во однос на варијаблата *доживеано (психичко, физичко и сексуално) насилство* просечниот скор за студентите од машки пол изнесува $M$=11.01, со $SD$=8.32. Понатамошните дескриптивните статистици за варијаблите *доживеано психичко, физичко и сексуално насилство* се прикажани поделно за машките и женските студенти во табелата 9а.

Табела 9а. Дескриптивни показатели за варијаблите - доживеано насилство и поделните видови насилство кај студентите во доцната адолесценција според пол

| | M за сите машки студенти (N=205) | SD | M за сите женски студенти (N=235) | SD |
|---|---|---|---|---|
| Доживеано психичко, физичко и сексуално насилство | 11.01 | 8.32 | 8.89 | 6.69 |
| Доживеано психичко насилство | 6.56 | 5.67 | 5.98 | 5.18 |
| Доживеано физичко насилство | 4.36 | 4.14 | 2.73 | 2.54 |
| Доживеано сексуално насилство | 0.09 | 0.41 | 0.17 | 0.68 |

***Дескриптивни показатели за индивидуалните фактори на ризик***

Дескриптивни показатели за варијаблите – индивидуалните фактори на ризик: *прифаќање на насилство во љубовна врска, родовите стереотипи, вештините за разрешување конфликти, агресивноста, самодовербата* и *употребата на супстанции* се прикажани во табелите 10., 11., и 12., соодветно за сите адолесценти, за учениците и за студентите, додека во табела 10а., 11а., и 12а.,се прикажани резултатите според пол.

Како што се гледа од табела 10., во однос на варијаблата *прифаќање на насилство во љубовна врска,* кај сите адолесценти, просечниот скор изнесува *M*=3.65, со *SD*=3.63, за варијаблата *родовите стереотипи* скорот изнесува *M*=15.70, со *SD*=7.41. Во однос на *вештините за разрешување конфликти* просечниот скор е *M*=11.59, со *SD*=4.87, кај *агресивноста* се бележи просечен скор од *M*=75.45, со *SD*=18.25. Во однос на *самодовербата* се бележи просечен скор за од *M*=21.81, со *SD*=4.30. Просечниот скор во однос на *употребата на супстанции* изнесува *M*=5.31, со *SD*=3.36.

Табела 10. Дескриптивни показатели за варијаблите - индивидуални фактори на ризик кај сите адолесценти

| | М за сите испитаници (N=850) | SD | Добиен опсег на скорови |
|---|---|---|---|
| Прифаќање на насилство | 3.65 | 3.63 | 0-20 |
| Родови стереотипи | 15.70 | 7.41 | 0-38 |
| Вештини за разрешување конфликти | 11.59 | 4.87 | 0-31 |
| Агресивност | 75.45 | 18.25 | 33-137 |
| Самодоверба | 21.81 | 4.29 | 2-30 |
| Употреба на супстанции | 5.31 | 3.36 | 0-21 |

Како што е презентирано во табела 10а., во однос на варијаблата *прифаќање на насилство во љубовна врска,* кај машките адолесценти, просечниот скор изнесува *M*=4.66, со *SD*=4.38, за варијаблата *родовите стереотипи* скорот изнесува *M*=19.65,

со *SD*=6.59. Во однос на *вештините за разрешување конфликти* просечниот скор е *M*=12.47, со *SD*=5.07, кај *агресивноста* се бележи просечен скор од *M*=75.5, со *SD*=18.12. Во однос на *самодовербата* се бележи просечен скор за од *M*=21.32, со *SD*=4.99. Просечниот скор во однос на *употребата на супстанции* изнесува *M*=6.04, со *SD*=3.38. Вредностите за варијаблите - индивидуални фактори на ризик за женските адолесценти се дадени во табела 10а.

Табела 10а. Дескриптивни показатели за варијаблите - индивидуални фактори на ризик кај сите адолесценти според пол

| | M за сите машки испитаници (N=402) | SD | M за сите женски испитаници (N=448) | SD |
|---|---|---|---|---|
| Прифаќање на насилство | 4.66 | 4.38 | 2.75 | 2.73 |
| Родови стереотипи | 19.65 | 6.59 | 12.15 | 6.21 |
| Вештини за разрешување конфликти | 12.47 | 5.07 | 10.8 | 4.55 |
| Агресивност | 75.5 | 18.12 | 75.4 | 18.39 |
| Самодоверба | 21.32 | 4.99 | 22.25 | 4.94 |
| Употреба на супстанции | 6.04 | 3.38 | 4.66 | 3.18 |

Во табела 11., се прикажани дескриптивните показатели за варијаблите - индивидуални фактори на ризик кај адолесцентите во периодот на средната адолесценција (N=410). Како што може да се види во табела 11., во однос на варијаблата *прифаќање на насилство во љубовна врска,* кај учениците, просечниот скор изнесува *M*=4.33, со *SD*=3.91, за *родовите стереотипи* изнесува *M*=16.92, со *SD*=7.56, додека за варијаблата *вештини за разрешување конфликти* просечниот скор изнесува *M*=11.67, со *SD*=5.05. Кај *агресивноста* се бележи просечен скор кај сите ученици каде *M*=78.85, со *SD*=17.54, а кај *самодовербата* се бележи просечен скор од *M*=21.65, со *SD*=5.19. Просечниот скор во однос на *употребата на супстанции* е *M*=5.47, со *SD*=3.45. Дополнително во табелата се прикажани вредностите во однос на добиениот опсег на скорови.

Табела 11. Дескриптивни показатели за варијаблите - индивидуални фактори на ризик кај адолесцентите од средната адолесценција (ученици)

| | М за сите ученици (N=410) | SD | Добиен опсег на скорови |
|---|---|---|---|
| Прифаќање на насилство | 4.33 | 3.91 | 0-20 |
| Родови стереотипи | 16.92 | 7.56 | 0-38 |
| Вештини за разрешување конфликти | 11.67 | 5.05 | 0-31 |
| Агресивност | 78.85 | 17.54 | 37-137 |
| Самодоверба | 21.65 | 5.19 | 2-30 |
| Употреба на супстанции | 5.47 | 3.45 | 0-21 |

Во табела 11а., се прикажани дескриптивните показатели за варијаблите - индивидуални фактори на ризик кај адолесцентите во периодот на средната адолесценција според пол (N=410). Како што може да се види во табела 11а., во однос на варијаблата *прифаќање на насилство во љубовна врска,* кај учениците од машки пол, просечниот скор изнесува *M*=5.54, со *SD*=4.54, за *родовите стереотипи* изнесува *M*=21.38, со *SD*=6.34, додека за варијаблата *вештини за разрешување конфликти* просечниот скор изнесува *M*=13.04, со *SD*=5.19. Кај *агресивноста* се бележи просечен скор од *M*=78.16, со *SD*=16.41, а кај *самодовербата* се бележи просечен скор од *M*=20.98, со *SD*=5.21. Просечниот скор во однос на *употребата на супстанции* за е *M*=6.09, со *SD*=3.68. Дополнително во табелата се прикажани вредностите на варијаблите за женските ученици.

Табела 11а. Дескриптивни показатели за варијаблите - индивидуални фактори на ризик кај адолесцентите од средната адолесценција (ученици) според пол

| | М за сите машки ученици (N=197) | SD | М за сите женски ученици (N=213) | SD |
|---|---|---|---|---|
| Прифаќање на насилство | 5.54 | 4.54 | 3.20 | 2.80 |
| Родови стереотипи | 21.38 | 6.34 | 12.79 | 6.13 |
| Вештини за разрешување конфликти | 13.04 | 5.19 | 10.40 | 4.59 |
| Агресивност | 78.16 | 16.41 | 79.48 | 18.53 |
| Самодоверба | 20.98 | 5.21 | 22.26 | 5.12 |
| Употреба на супстанции | 6.09 | 3.68 | 4.88 | 3.13 |

Во табела 12., прикажани се дескриптивните показатели за варијаблите индивидуални фактори на ризик кај адолесцентите од периодот на доцната адолесценција – студентите (N=440). Во однос на варијаблата *прифаќање на насилство во љубовна врска,* кај сите студенти, просечниот скор изнесува *M*=3.03, со *SD*=3.36, додека просечниот скор во однос на *родовите стереотипи* изнесува *M*=14.56, со *SD*=7.08. Во однос на варијаблата *вештини за разрешување конфликти* просечниот скор е *M*=11.52, со *SD*=4.70, *агресивноста* со просечен скор *M*=72.28, со *SD*=18.36, а кај варијаблата *самодоверба* се бележи просечен скор од *M*=21.97, со *SD*=4.78. Просечниот скор во однос на *употребата на супстанции* кај студентите изнесува *M*=5.17, со *SD*=3.21.

Табела 12. Дескриптивни показатели за варијаблите - индивидуални фактори на ризик кај адолесцентите од доцната адолесценција (студенти)

| | M за сите студенти (N=440) | SD | Добиен опсег на скорови |
|---|---|---|---|
| Прифаќање на насилство | 3.03 | 3.36 | 0-19 |
| Родови стереотипи | 14.56 | 7.08 | 0-38 |
| Вештини за разрешување конфликти | 11.52 | 4.70 | 1-27 |
| Агресивност | 72.28 | 18.36 | 33-132 |
| Самодоверба | 21.97 | 4.78 | 4-30 |
| Употреба на супстанции | 5.17 | 3.21 | 0-15 |

Дескриптивните показатели за варијаблите кај адолесцентите од периодот на доцната адолесценција – студентите (N=440) според пол се прикажани во табела 12а. Како што се гледа во табела 12а., во однос на варијаблата *прифаќање на насилство во љубовна врска,* кај машките студенти, просечниот скор изнесува *M*=3.81, со *SD*=3.93, додека просечниот скор во однос на *родовите стереотипи* изнесува *M*=17.99, со *SD*=6.41. Во однос на варијаблата *вештини за разрешување конфликти* просечниот скор е *M*=11.92, со *SD*=4.90, *агресивноста* со просечен скор *M*=72.95, со *SD*=19.31, а кај варијаблата *самодоверба* се бележи просечен скор од *M*=21.65, со *SD*=4.74.

Табела 12а. Дескриптивни показатели за варијаблите - индивидуални фактори на ризик кај адолесцентите од доцната адолесценција (студенти) според пол

| | M за сите машки студенти (N=205) | SD | M за сите женски студенти (N=235) | SD |
|---|---|---|---|---|
| Прифаќање на насилство | 3.81 | 3.93 | 2.34 | 2.59 |
| Родови стереотипи | 17.99 | 6.41 | 11.57 | 6.25 |
| Вештини за разрешување конфликти | 11.92 | 4.90 | 11.17 | 4.50 |
| Агресивност | 72.95 | 19.31 | 71.70 | 17.50 |
| Самодоверба | 21.65 | 4.75 | 22.25 | 4.79 |
| Употреба на супстанции | 5.98 | 3.08 | 4.47 | 3.22 |

Просечниот скор во однос на *употребата на супстанции* кај студентите изнесува $M$=5.98, со $SD$=3.08. Дескриптивните показатели за варијаблите, поoделно за женските студенти се прикажани во табела 12а.

**Проверка на емпириската дистрибуција на варијаблите во споредба со нормалната дистрибуција**

Со цел да се утврди поврзаноста помеѓу индивидуалните фактори на ризик (*прифаќање на насилство во љубовна врска, родови стереотипи, вештини за разрешување конфликти, агресивност, самодоверба* и *употреба на супстанции*) и извршеното и доживеаното насилство во адолесцентните врски, како и корелациите во однос на полот кај сите испитаници и индивидуалните фактори на ризик се пристапи кон проверка на емпириската дистрибуција на варијаблите, чие совпаѓање со нормалната беше тестирано со користење на Смирнов-Колмогоров тест (дадено во прилог 4, табела 1.). Резулатите на Смирнов-Колмогоровиот тест покажуваат дека за сите варијабли се бележи статистичка значајност за $p$<.01, што укажува дека дистрибуцијата на варијаблите отстапува од нормалноста. Во согласност со овие резулати во понатамошната статистичка обработка на податоците се пристапи кон примена на следниве статистички постапки: поинт-бисериска корелација и логистичка регресија.

## Поврзаност на полот и индивидуалните фактори на ризик

Со цел да се утврдат корелациите во однос на полот кај сите испитаници и индивидуалните фактори на ризик (*прифаќање на насилство во љубовна врска, родови стереотипи, вештини за разрешување конфликти, агресивност, самодоверба и употреба на супстанции, доживеаното и извршеното насилство, вкупно, и пооделните форми на насилство)* се пристапи кон утврдување на поврзаноста преку употреба на поинт-бисериски коефициенти на корелација, како статистичка постапка.

Табела 13. Поврзаност помеѓу полот, индивидуалните фактори на ризик, доживеаното и извршеното насилство вкупно и пооделните форми на насилство кај адолесцентите

| Поврзност на полот во однос на извршено и доживеано насилство и индивидуалните фактори на ризик | Поинт-бисериски коефициент на корелација ($r_{phi}$) | Ниво на значајност ($p$) | Испитаниц и (N) |
|---|---|---|---|
| **Извршено психичко, физичко и сексуално насилство** | .105 | **$p<0.01$** | 850 |
| Извршено психичко насилство | 0.047 | $p>0.05$ | 850 |
| **Извршено физичко насилство** | .121 | **$p<0.01$** | 850 |
| **Извршено сексуално насилство** | .226 | **$p<0.01$** | 850 |
| **Доживеано психичко, физичко и сексуално насилство** | .136 | **$p<0.01$** | 850 |
| Доживеано психичко насилство | .04 | $p>0.05$ | 850 |
| **Доживеано физичко насилство** | .198 | **$p<0.01$** | 850 |
| **Доживеано сексуално насилство** | .089 | **$p<0.01$** | 850 |
| **Прифаќање на насилство во љубовна врска** | .259 | **$p<0.01$** | 850 |
| **Родови стереотипи** | .505 | **$p<0.01$** | 850 |
| **Вештини за разрешување конфликти** | .171 | **$p<0.01$** | 850 |
| Агресивност | .024 | $p>0.05$ | 850 |
| **Самодоверба** | **-.093** | **$p<0.01$** | 850 |
| **Употреба на супстанции** | **.205** | **$p<0.01$** | **840** |

При анализа на резултатите според пол кај сите адолесценти се утврдија повеќе значајни корелации. Резултатите прикажани во табела 13., покажуваат дека коефициентите на корелација се значајни за адолесцентите од машки пол во однос на адолесцентите од женски пол во однос на: *извршено (психичко, физичко и сексуално)*

*насилство* ($r(848)=.105$, $p<.01$); *извршено физичко насилство* ($r(848)=.121$, $p<.01$); *извршено сексуално насилство* ($r(848)=.226$, $p<.01$); *доживеано психичко, физичко и сексуално насилство* ($r(848)=.136$, $p<.01$); *доживеано физичко насилство* ($r(848)=.198$, $p<.01$); *доживеано сексуално насилство* ($r(848)=.089$, $p<.01$).

Во однос на индивидуалните фактори на ризик се утврдија следниве коефициентите на корелација како значајни: *прифаќање на нормите на насилството во љубовната врска* ($r(848)=.259$, $p<.01$; *вештини за разрешување конфликти* ($r(848)=.171$, $p<.01$) и *употребата на супстанции* ($r(838)=.205$, $p<.01$).

Исто така, значајни корелации се забележија во однос на *родови стереотипи* ($r(848)=.505$, $p<.01$) и *самодовербата* ($r(848)=-.093$, $p<.01$) кај машките во однос на женските.

**Проверка на хипотезата во однос на поврзаноста на индивидуалните фактори на ризик и извршеното насилство**

**Хипотеза 1.**

*Извршеното насилство во романтичните врски кај адолесцентите од женски и машки пол се зголемува со зголемување на прифаќањето на насилството, на степенот на вештините за разрешување конфликти, родовите стереотипи, на агресивноста и на употребата на супстанции, односно со намалување на самодовербата.*

Со цел да се утврди поврзаноста помеѓу индивидуалните фактори на ризик (*прифаќање на насилство во љубовна врска, родови стереотипи, вештини за разрешување конфликти, агресивност, самодоверба и употреба на супстанции*) и *извршеното насилство* во адолесцентните врски се пристапи кон примена на статистичките постапки поинт- бисериски коефициент на корелација.

Резулатите прикажани во табела 14., покажуваат дека сите коефициенти на корелација меѓу извршеното насилство и индивидуалните фактори на ризик се статистички значајни и тоа: со *прифаќањето на насилство во љубовна врска* ($r(848)=.398$, $p<.01$), со *родовите стереотипи* и , $r(848)=.164$, $p<.01$, со *вештините за разрешување конфликти,* при што $r(848)=.225$, $p<.01$, со *самодовербата* $r(848)=-.111$, $p<.01$) со *агресивноста* ($r(848)=.204$, $p<.01$) *и со употребата на супстанции* ($r(838)=.206$, $p<.05$). Со зголемување на *прифаќање на насилство во љубовна врска, родовите стереотипи, користење на помалку конструктивни ветини за разрешување на конфликти, агресивноста* и *употребата на супстанции,* а со намалување на *самодовербата* се зголемува извршеното насилство во адолесцентните врски кај адолесцентите од двата пола.

**Врз основа на добиените наоди, може да се заклучи дека во целост се потврдува хипотеза 1.**

Табела 14. Поврзаност помеѓу извршено насилство и индивидуалните фактори на ризик

| Извршено (психичко, физичко и сексуално) насилство | Поинт -бисериски коефициент на корелација ($r_{phi}$) | Ниво на значајност ($p$) | Испитаници (N) |
|---|---|---|---|
| **Прифаќање на насилство во љубовна врска** | .398 | **p<0.01** | 850 |
| **Родови стереотипи** | .164 | **p<0.01** | 850 |
| **Вештини за разрешување конфликти** | .225 | **p<0.01** | 850 |
| **Агресивност** | .204 | **p<0.01** | 850 |
| **Самодоверба** | -.111 | **p<0.01** | 850 |
| **Употреба на супстанции** | .206 | **p<0.01** | 840 |

За подетален увид во врските меѓу извршувањето на насилство во интимните врски кај адолесцентите и индивидуалните фактори на ризик направена е понатамошна анализа, која дава податоци за тоа колкав е степенот на поврзаност за двата пола одделно. Резултатите од оваа анализа се прикажани на табела 15., и табела 16.

Од табела 15., може да се види дека сите коефициенти на корелација се значајни (за $p<.01$) за извршеното насилство кај сите машки испитаници (N=402) во однос на сите индивидуални фактори на ризик: *прифаќање на насилство во љубовна врска* ($r(400)=.401$, $p<.01$), *родови стереотипи* ($r(400)=.183$, $p<.01$), *вештини за разрешување конфликти* ($r(400)=.218$, $p<.01$), *самодоверба* ($r(400)=-.198$, $p<.01$) *агресивноста* ($r(400)=.166$, $p<0.01$) *и употребата на супстанции* ($r(397)=.195$, $p<.01$). Со други зборови анализата покажува дека со зголемување на *прифаќање на насилство во љубовна врска, родовите стереотипи, користење на помалку конструктивни ветини за разрешување на конфликти, агресивноста и употребата на супстанции,* а со намалување на *самодовербата* се зголемува извршеното насилство во интимните врски кај машките адолесценти.

Табела 15. Поврзаност помеѓу извршено насилство и индивидуалните фактори на ризик кај адолесцентите од машки пол

| Извршено (психичко, физичко и сексуално) насилство | Поинт - бисериски коефициент на корелација ($r_{pbi}$) | Ниво на значајност ($p$) | Испитаници (N) |
|---|---|---|---|
| **Прифаќање на насилство во љубовна врска** | .401 | **p<0.01** | 402 |
| **Родови стереотипи** | .183 | **p<0.01** | 402 |
| **Вештини за разрешување конфликти** | .218 | **p<0.01** | 402 |
| **Агресивност** | .166 | **p<0.01** | 402 |
| **Самодоверба** | -.198 | **p<0.01** | 402 |
| **Употреба на супстанции** | .195 | **p<0.01** | 399 |

Резултатите (табела 16.) покажуваат дека коефициентите на корелација покажуваат значајна поврзаност за извршеното насилство кај сите женски испитаници (N=448) со следниве индивидуалните фактори на ризик: *прифаќањето на насилство во љубовна врска* ($r(446)=.377, p<.01$), *вештините за разрешување конфликти* ($r(446)=.204, p<.01$), *агресивност* ($r(446)=.222, p<.01$) *и употребата на супстанции* ($r(439)=.183, p<.01$).

Табела 16. Поврзаност помеѓу извршеното насилство кај адолесцентите од женски пол и индивидуалните фактори на ризик

| Извршено (психичко, физичко и сексуално) насилство | Поинт -бисериски коефициент на корелација ($r_{pbi}$) | Ниво на значајност ($p$) | Испитаници (N) |
|---|---|---|---|
| **Прифаќање на насилство во љубовна врска** | .377 | **p<0.01** | 448 |
| Родови стереотипи | .072 | p>0.05 | 448 |
| **Вештини за разрешување конфликти** | .204 | **p<0.01** | 448 |
| **Агресивност** | .222 | **p<0.01** | 448 |
| Самодоверба | -.005 | p>0.05 | 448 |
| **Употреба на супстанции** | .183 | **p<0.01** | 441 |

Подеталната анализа покажува дека со зголемување на *прифаќање на насилство во љубовна врска, користење на помалку конструктивни ветини за разрешување на конфликти, агресивноста и употребата на супстанции* се зголемува извршеното насилство во интимните врски кај женските адолесценти.

**Проверка на хипотезите во однос на поврзаноста на индивидуалните фактори на ризик и доживеаното насилство**

**Хипотеза 2.**

*Доживеаното насилство во романтичните врски кај адолесцентите од женски пол се зголемува со зголемување на прифаќањето на насилството, на степенот на вештините за разрешување конфликти, на родовите стереотипи и на употребата на супстанции, односно се намалува со намалување на самодовербата.*

Резултатите (табела 17.) покажуваат дека коефициентите на корелација се статистички значајни за доживеаното насилство кај сите женски испитаници (N=448) во однос на следниве индивидуалните фактори на ризик: *прифаќање на насилство во љубовна врска* ($r(446)=.296$, $p<.01$), *родови стереотипи* ($r(446)=.211$, $p<.01$), *вештини за разрешување конфликти* ($r(446)=.173$, $p<.01$), *агресивноста* ($r(446)=.133$, $p<.01$) и *употреба на супстанции* ($r(439)=.102$, $p<.05$).

Табела 17. Поврзаност помеѓу доживеано насилство и индивидуалните фактори на ризик кај адолесцентите од женски пол

| Доживеано психичко, физичко и сексуално насилство кај сите женски испитаници | Поинт-бисериски коефициент на корелација ($r_{phi}$) | Ниво на значајност ($p$) | Испитаници (N) |
|---|---|---|---|
| **Прифаќање на насилство во љубовна врска** | .296 | **p<0.01** | **448** |
| **Родови стереотипи** | .211 | **p<0.01** | **448** |
| **Вештини за разрешување конфликти** | .173 | **p<0.01** | **448** |
| **Агресивност** | .133 | **p<0.01** | **448** |
| Самодоверба | -.088 | p>0.05 | **448** |
| **Употреба на супстанции** | .102* | **p<0.05** | **441** |

Со зголемување на *прифаќање на насилство во љубовна врска, родовите стереотипи, користење на помалку конструктивни ветини за разрешување на конфликти, агресивноста и употребата на супстанции,* се зголемува *доживеаното насилство* кај женските испитаници.

**Врз основа на добиените наоди, може да се заклучи дека хипотеза 2. , целосно се потврдува. Хипотезата 2., се потврдува во однос** на тоа дека доживеаното насилство во романтичните врски кај адолесцентите од женски пол се зголемува со зголемување на **прифаќањето на насилството**, на **родовите стереотипи**, на **вештините за разрешување конфликти** и на **употребата на супстанции.** Дополнително, интересно е да се забележи дека агресивноста е значајно поврзана со доживеаното насилство во романтичните врски кај женските адолесценти, додека самодовербата кај женските испитаници не е поврзана со степенот на доживеаното насилство.

**Хипотеза 3.**

*Доживеаното насилство во романтичните врски кај адолесцентите од машки пол се зголемува со зголемувањето на прифаќањето на насилството, на родовите стереотипи, на степенот на вештините за разрешување конфликти и на агресивноста, односно со намалување на самодовербата.*

Врз основа на резулатите прикажани во табела 18., се покажува статистички значајна поврзаност на доживеаното насилство кај машките испитаници (N=402), во однос на индивидуалните фактори на ризик и тоа: со *прифаќање на насилство во љубовна врска* ($r(402)=.404$, $p<.01$), со *родови стереотипи* ($r(402)=.124$, $p<.01$), со *вештини за разрешување конфликти* ($r(402)=.190$, $p<.01$), со *самодоверба* ($r(402)=-.228$, $p<.01$) со *агресивноста* ($r(402)=.202$, $p<.01$) и со *употреба на супстанции* ($r(397)=.173$, $p<.01$).

Табела 18. Поврзаност помеѓу доживеано насилство и индивидуалните фактори на ризик кај адолесцентите од машки пол

| Доживеано психичко, физичко и сексуално насилство кај сите машки испитаници | Поинт-бисериски коефициент на корелација ($r_{phi}$) | Ниво на значајност ($p$) | Испитаници (N) |
|---|---|---|---|
| **Прифаќање на насилство во љубовна врска** | .404 | **$p<0.01$** | 402 |
| **Родови стереотипи** | .124 | **$p<0.01$** | 402 |
| **Вештини за разрешување конфликти** | .190 | **$p<0.01$** | 402 |
| **Агресивност** | .202 | **$p<0.01$** | 402 |
| **Самодоверба** | -.228 | **$p<0.01$** | 402 |
| **Употреба на супстанции** | .173 | **$p<0.01$** | 399 |

Резулатите прикажани во табела 18., укажуваат дека со зголемување на *прифаќање на насилство во љубовна врска, родовите стереотипи, користење на помалку конструктивни ветини за разрешување на конфликти, агресивноста и употребата на супстанции,* а со намалување на *самодовербата* се зголемува *доживеаното насилство* кај машките адолесценти.

**Врз основа на добиените наоди, може да се заклучи дека хипотеза 3., целосно се потврдува.** Покрај наведените индивидуални фактори на ризик потврдени со наведената хипотеза интересно е да се забележи дека за машките адолесценти исто така значаен фактор на ризик поврзан со доживување на насилство во адолесцентните врски претставува и *употребата на супстанции.*

**Проверка на хипотезите за поврзаноста на индивидуалните фактори на ризик со извршеното насилство кај адолесцентите од средната и доцната адолесценција**

**Хипотеза 4.**

*Употребата на супстанции, родовите стереотипи, прифаќањето на насилството и агресивноста се подобри предиктори на извршеното насилство во доцната адолесценција отколку во средната адолесценција.*

Со цел да се направи проверка на хипотезата 4., се пристапи кон утврдување на поврзаноста помеѓу варијаблите: индивидуалните фактори на ризик и извршеното насилство со помош на статистичката постапка логистичка регресија за да процени дали и кои индивидуалните фактори на ризик подобро го предвидувааат извршеното кај адолесцентите од двата развојни периоди.

Во табела 19., дадена е класификација на моделот за адолесцентите од средната адолесценција во однос на извршеното насилство. Се забележува дека моделот точно класификувал 79,6% од испитаниците.

Табела 19. Класификација на адолесцентите од средната адолесценција во однос на извршеното насилство

| **Добиени** | **Предвидени** | | **Процент** |
|---|---|---|---|
| | Не извршиле насилство | Извршиле насилство | |
| Не извршиле насилство | 0 | 77 | 0 |
| Извршиле насилство | 0 | 300 | 100 |
| Процент вкупно | | | 79,6 |

Резултатите од Хосмер-Лемеш тестот го поддржуваат тврдењето дека моделот е добар. За овој тест, индикатор за слабо предвидување е кога значајноста е помала од $p<.05$. Притоа хи квадратот за Хосмер-Лемеш тестот изнесува $\chi^2=7.158$, каде значајноста е .52, што е поголемо од .05, што значи дека моделот е соодветен.

Вредноста за $R^2$ од Негелкерке изнесува .084 што укажува дека моделот во целина објаснува околу 8,4% од варијансата за извршеното насилство, кај

адолесцентите од средната адолесценција. Тоа наведува дека испитуваните варијабли објаснуваат релативно мал процент од варијансата за извршеното насилство кај адолесцентите од средната адолесценција.

Во табела 20., се прикажани податоците за индивидуалните фактори на ризик вклучени во истражувањето во однос на извршеното насилство кај адолесцентите од средната адолесценција. Врз основа на добиените резулати, се забележува дека само варијаблата *употребата на супстанции* е статистички значаен предиктор во моделот, со значајна поврзаност во однос на *употребата на супстанции* ($r$=.003, $p$<.001) како индивидуален фактор на ризик за извршеното насилство кај адолесцентите од периодот на средната адолесценција. Wald-тестот за сите останати фактори на ризик не е статистички значаен.

Табела 20. Резултати од логистичката регресија кај адолесцентите од средната адолесценција во однос на извршеното насилство и индивидуалните фактори на ризик

| | B | S.E. | Wald | df | Sig. | Exp(B) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Прифаќање на насилството | .101 | .043 | 5.545 | 1 | .019 | 1.106 |
| Родови стереотипи | .004 | .018 | .046 | 1 | .831 | 1.004 |
| Агресивност | .005 | .008 | .326 | 1 | .568 | 1.005 |
| **Употреба на супстанции** | .131 | .044 | 8.930 | 1 | **.003**** | 1.140 |
| Константа | -.076 | .660 | .013 | 1 | .908 | .927 |

**$p$<.01;*$p$<.05

Резултатите дадени во табела 20., врз основа на моделот покажуваат дека *употребата на супстанции* претставува добар предиктор за извршеното насилство кај адолесцентите во средната адолесценција. При тоа, кај адолесцентите кои повеќе користат супстанции: алкохол и droги, за околу 1.14-пати повеќе се зголемува веројатноста за извршување на насилство во адолесцентните врски за разлика од оние адолесценти кои воопшто не употребуваат супстанции или имаат понизок степен на употреба на супстанции.

Во табела 21., дадена е класификација на моделот за адолесцентите од доцната адолесценција во однос на извршеното насилство. Во табела 21., се забележува дека моделот точно класификувал 69,4% од адолесцентите.

Табела 21. Класификација на адолесцентите од доцната адолесценција во однос на извршеното насилство

| **Добиени** | **Предвидени** | | **Процент** |
|---|---|---|---|
| | Не извршиле насилство | Извршиле насилство | |
| Не извршиле насилство | 68 | 92 | 42,5 |
| Извршиле насилство | 38 | 227 | 85,7 |
| Процент вкупно | | | 69,4 |

Резултатите од Хосмер-Лемеш тестот го поддржуваат тврдењето дека моделот е добар. Притоа хи-квадратот за на Хосмер-Лемеш тестот изнесува $\chi^2$=14.674, а значајноста е .66, што е поголемо од .05, што значи дека тестот го поддржува моделот.

Вредноста за $R^2$ од Негелкерке изнесува .148 што укажува дека моделот во целина објаснува околу 14.8% од варијансата за извршеното насилство, кај адолесцентите од доцната адолесценција.

Во табела 22., се прикажани податоците за индивидуалните фактори на ризик вклучени во истражувањето во однос на извршеното насилство кај адолесцентите. Врз основа на добиените резулати се забележува дека *родовите стереотипи* и *агресивноста* се значајни предиктори на зависната варијабла. При тоа статистички значајна поврзаност за извршеното насилство кај адолесцентите од доцната адолесценција се јавува во однос на следниве индивидуални фактори на ризик: *родовите стереотипи* ($r$=.000, $p$<.001) и *агресивноста* ($r$=.000, $p$<.001). Wald-тестот за сите останати фактори на ризик не е статистички значаен.

Табела 22. Резулатите од логистичката регресија кај адолесцентите од доцната адолесценција во однос на извршеното насилство и индивидуалните фактори на ризик

| | B | S.E. | Wald | df | Sig. | Exp(B) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Прифаќање на насилството | .012 | .038 | .102 | 1 | .749 | 1.012 |
| **Родови стереотипи** | .066 | .017 | 15.548 | 1 | **.000***** | 1.068 |
| **Агресивност** | .027 | .007 | 17.440 | 1 | **.000***** | 1.028 |
| Употреба на супстанции | .024 | .033 | .502 | 1 | .479 | 1.024 |
| Константа | -2.510 | .513 | 23.973 | 1 | .000 | .081 |

***$p<.001$;**$p<.01$;*$p>.05$

Резултатите дадени во табела 22., врз основа на моделот покажуваат дека *родовите стереотипи* и *агресивноста* претставуваат подобри предиктори од останатите за извршеното насилство кај адолесцентите во доцната адолесценција. При тоа, кај адолесцентите кои имаат повисок степен на *родови стеротипи*, за околу 1.068- пати повеќе ја зголемува веројатноста за извршување на насилство во адолесцентните врски за разлика од оние адолесценти кои имаат понизок степен на родови стереотипи. Кај адолесцентитите кои имаат повисок степен на *агресивност* ја зголемува веројатноста за околу 1.028-пати повеќе за извршување на насилство во адолесцентните врски, во однос на адолесцентите кои имаат понизок степен на агресивност. Wald-тестот за сите останати фактори на ризик не е статистички значаен.

Врз основа на наодите од логистичката регресија направена за двете развојни групи може да се забележи дека кај адолецентите од средната адолесценција *употребата на супстанции* ја зголемува веројатноста за извршеното насилство, додека пак *родовите стереотипи* и *агресивноста* ја зголемуваат веројатноста за извршеното насилство кај адолесцентите од доцната адолесценција.

**Врз основа на наодите дискутирани претходно, може да се заклучи дека хипотезата 4. делумно се потврдува.** Таа се потврдува во однос на *родовите стереотипи* и *агресивноста* како статистички значајни предиктори, кои ја зголемуваат веројатноста кај адолесцентите од доцната адолесценција за извршување на насилство во адолесцентните врски. Варијаблата *употребата на супстанции* не се покажа значајна за доцната туку значајно ја зголемува веројатноста кај адолецентите

од средната адолесценција за извршување на насилство, додека пак варијаблата *прифаќањето на насилството* не се покажа значајна за извршеното насилство за двата развојни периоди. Зедничката варијанса меѓу предвидените предиктори за доцната адолесценција со извршеното насилство (14.8%), споредено со заедничката варијанса меѓу предвидените предиктори со извршеното насилство (8,4%) кај адолесцентите од средната адолесценција, упатува на тоа дека врз основа на предикторите посигурно може да се предвидува во доцната адолесценција.

**Проверка на хипотезата во однос на поврзаноста индивидуалните фактори и доживеаното насилство кај адолесцентите од средната и доцната адолесценција**

**Хипотеза 5.**

*Употребата на супстанции и прифаќањето на насилството се подобри предиктори на доживеаното насилство во доцната адолесценција отколку во средната адолесценција.*

Со цел да се направи проверка на хипотезата 5., се пристапи кон утврдување на поврзаноста помеѓу варијаблите индивидуалните фактори на ризик: *употребата на супстанции и прифаќањето на насилството* во однос на доживеаното насилство со помош на статистичката постапка логистичка регресија за да процени дали индивидуалните фактори на ризик подобро го предвидувааат доживеаното насилство кај адолесцентите од двата развојни периоди.

Во табела 23., дадена е класификација на моделот за адолесцентите од средната адолесценција во однос на доживеаното насилство. Во табела 23., се забележува дека моделот точно класификувал 86,2% од адолесцентите.

Табела 23. Класификација на адолесцентите од средната адолесценција во однос на доживеаното насилство

| **Добиени** | **Предвидени** | | **Процент** |
|---|---|---|---|
| | Не доживеале насилство | Доживеале насилство | |
| Не доживеале насилство | 0 | 53 | 0 |
| Доживеале насилство | 0 | 331 | 100 |
| Процент вкупно | | | 86,2 |

Резултатите од Хосмер-Лемеш тестот го поддржуваат тврдењето дека моделот е добар. Притоа хи квадратот за тестот на Хосмер и Лемешов во ова изнесува $\chi^2$=3.811, а значајноста е .874, што е поголемо од .05 што значи дека тестот го поддржува моделот. Вредноста за $R^2$ од Негелкерке изнесува .047 што укажува дека моделот во целина објаснува околу 4.7% од варијансата за извршеното

насилство, што е релативно мал процент од варијансата за извршеното насилство кај адолесцентите од средната адолесценција.

Во табела 24., се прикажани податоците за индивидуалните фактори на ризик вклучени во истражувањето во однос на доживеаното насилство кај адолесцентите. Врз основа на резулатите добиени се забележува дека дека само варијаблата *употребата на супстанции* придонесува значајно во моделот. При тоа статистички значајна поврзаност се јавува само во однос на *употреба на супстанции* ($r$=.021, $p$<.05) како индивидуален фактор на ризик за доживеаното насилство кај адолесцентите од периодот на средната адолесценција. Wald-тестот за сите останати фактори на ризик не е статистички значаен.

Табела 24. Резултати од логистичката регресија кај учениците во однос на доживеано насилство и индивидуалните фактори на ризик

| | B | S.E. | Wald | df | Sig. | Exp(B) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Прифаќање на насилството | .079 | .046 | 2.894 | 1 | .089 | 1.082 |
| **Употреба на супстанции** | .115 | .049 | 5.368 | 1 | **.021*** | 1.121 |
| Константа | .976 | .301 | 10.509 | 1 | .001 | 2.654 |

$**p<.01; *p<.05$

Според вредноста на Exp(B) дадена во табела 24., во однос на варијаблата *употреба на супстанции* може да се забележи дека кај адолесцентите, учениците од средните училишта употребата на супстанции како алкохол и дроги ја зголемува веројатноста од доживување на насилство за 1.121-пати повеќе за разлика од оние адолесценти кои не употребуваат супстанции.

Во табела 25., се прикажани податоците за индивидуалните фактори на ризик вклучени во истражувањето во однос на доживеаното насилство кај адолесцентите од доцната адолесценција. Во табела 25., се забележува дека моделот точно класификувал 68,9% од адолесцентите.

Табела 25. Класификација на адолесцентите од доцната адолесценција во однос на доживеаното насилство

| Добиени | Предвидени | | Процент |
|---|---|---|---|
| | Не доживеале насилство | Доживеале насилство | |
| Не доживеале насилство | 0 | 132 | 0 |
| Доживеале насилство | 0 | 289 | 100 |
| Процент вкупно | | | 68,9 |

Резултатите од Хосмер-Лемеш тестот го поддржуваат тврдењето дека моделот е добар. Притоа хи-квадратот за тестот на Хосмер и Лемеш во ова истражување изнесува $\chi^2$=4.805, а значајноста е .778, што е поголемо од .05 што значи дека го поддржува моделот. Вредноста за $R^2$ од Негелкерке изнесува .080 што укажува дека моделот во целина објаснува околу 8% од варијансата за извршеното насилство, што е релативно мал процент од варијансата за извршеното насилство кај адолесцентите од доцната адолесценција.

Како што може да се забележи од табела 26., прикажани се податоците за индивидуалните фактори на ризик вклучени во истражувањето во однос на доживеаното насилство кај адолесцентите. Врз основа на добиените резулати се забележува дека само варијаблата *прифаќање на насилството* придонесува значајно во моделот, при тоа статистичката значајнст изнесува $r$=.000, за $p$<.001 како индивидуален фактор на ризик за извршеното насилство кај адолесцентите од периодот на доцната адолесценција.

Табела 26. Резултати од логистичката регресија кај студентите во однос на доживеано насилство и индивидуалните фактори на ризик

| | B | S.E. | Wald | df | Sig. | Exp(B) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Прифаќање на насилството** | .189 | .044 | 18.767 | 1 | **.000****** | 1.207 |
| Употреба на супстанции | .022 | .033 | .450 | 1 | .502 | 1.023 |
| Константа | .195 | .219 | .791 | 1 | .374 | 1.215 |

***$p$<.001;**$p$<.01;*$p$>.05

Вредноста на Exp(B) за варијаблата *прифаќање на насилството* изнесува 1.207, што укажува дека кај адолесцентите од периодот на доцната адолесценција прифаќањето на насилството ја зголемува веројатноста од доживување на насилство за околу 1.2 -пати повеќе за разлика од оние адолесценти кои имаат помал степен на прифаќањето на насилството.

**Врз основа на наодите дискутирани претходно, може да се заклучи дека хипотезата 5. делумно се потвдува.** Таа се потврдува во однос на *прифаќањето на насилството* како статистички значаен предиктор ја зголемува веројатноста кај адолесцентите од доцната адолесценција за доживување на насилство во адолесцентните врски. Варијаблата *употребата на супстанции* не се покажа значајна за доцната туку статистички значајно ја зголемува веројатноста кај адолецентите од средната адолесценција за доживување на насилство. Заедничката варијанса меѓу предвидените предиктори за доцната адолесценција со извршеното насилство (8%), споредено со заедничката варијанса меѓу предвидените предиктори со извршеното насилство (4,7%) кај адолесцентите од средната адолесценција, упатува на тоа дека врз основа на предикторите посигурно може да се предвидува во доцната адолесценција.

# ДИСКУСИЈА

Истражувањата во областа на насилството во романтичните врски кај адолецентите во светот и Европа се започнати приближно во последните четири декади. Во нашата земја се спроведени истражувања од областа на семејното насилство и насилството од интимниот партнер (на пр. Popovska, Rikalovski & Villagomez, 2012) како и занемарувањето и злоупотребата на децата ( на пр. Raleva, Jordanova Peshevska  & Sethi, 2013), но феноменот на насилството во адолесцентните врски досега не бил предмет на истражување. Ова истражување претставува прв обид да се разгледа проблемот на романтичните врски кај адолецентите и можност да се загатнат некои од прашањата за карактеристиките и факторите на ризик за овој тип на насилство во Македонија.

Во согласност со резултатите од истражувањата и мета-анализите спроведени (Bonomi 2012; Herrera et al., 2008; Miller et al., 2009; Capaldi et al.,  2012; Foshee et al., 1996; Fernandez-Gonzalez, et al., 2013; Glass et al.,  2003; O'Leary et al.,  2008; Archer, 2000; Fernandez-Gonzalez, et al., 2013; Ajduković, 2011; Hodzic, 2007), се чини дека насилството во адолесцентните врски и кај нас е застапена појава.  Во рамки на резултатите добиени со актуелното истражување, дури 93.5% од адолесцените, во последните 12 месеци, барем еднаш извршиле накаков вид на физичко насилство, околу 85.2% извршиле некаков вид на психичко насилство, додека 11.6% извршиле некаков вид на сексуално насилство. Слични резултати се добиени на студија направена во Хрватска каде кај 93,1% од адолсесцентите е констатирано дека извршиле некаква форма на насилство во врската, 46,9% од младите луѓе изјавиле дека во текот на последните шест месеци извршиле барем една форма на физичко насилство, 27,2% некоја форма на сексуално насилство а 93,3% извршиле психичко насилство во врската (Ajduković, Low & Sušac,  2011). Во прилог на актуелното истражување одат и резултатите добиени на хрватска студија (Hodzic, 2007) на примерок  од 1014 ученици (42 училишта) кои покажаа дека 43% од испитаниците се однесувале насилно кон нивниот партнер. Контролирачкото однесување и љубомората од страна на партнерот ја пријавиле околу 58% од испитаниците.

Што се однесува на доживеаното насилство во истражувањето кај нас, се покажа дека 96.4% од адолесцентите доживеале некаков облик на психичко

насилство, 88% доживеале некаков облик на физичко насилство, 11.1% доживеале некаков облик на сексуално насилство, во последните 12 месеци. Овие резултатите се слични со наодите на хрватското истражување каде адолесцентите во 86,4% изјавиле дека доживеале некаква форма на насилство, 86,2% некаква форма на психичко насилство 37,2% доживеале некаков облик на физичко насилство, 26,6% доживеале сексуално насилство (Ajduković, Low & Sušac, 2011). Исто така во прилог се и резултатите од хрватската студија која покажува дека 70% од испитаниците имале некакво искуство на доживеано насилство од нивниот партнер (Hodzic, 2007).

Резултатите од ова истражување покажуваат дека адолсецентите од машки пол **значително во поголем степен *извршуваат насилство* во споредба со женските адолесценти**, за сите форми на насилство, освен психичкото насилство, што секако е во согласност со наодите на истражувањата за насилството од интимниот партнер кај брачните парови, кои упатуваат дека насилството во поголема мера е извршено од страна на мажите кон жените (пр. Buchart et al., 2010; Velzeboer, 2003; Garcia-Moreno et al., 2005; Popovska et al., 2012).

Исто така, во актуелното истражување се покажа дека од пооделните форми на извршено насилство, машките испитаници **во поголем степен *извршиле физичко насилство***, што е во согласност со досега спроведените истражувањата за насилството од интимниот партнер (Buchart et al., 2010; Velzeboer, 2003; Garcia-Moreno et al., 2005). Во однос на извршеното сексуално насилство, машките адолесценти **значително во поголем степен *извршиле сексуално насилство,*** што е во согласност со бројни студии (Fernandez-Gonzalez et al., 2013; Wolfe et al., 2001; Velzeboer, 2003; Garcia-Moreno et al., 2005). Во однос на *извршеното психичкото насилство* машките и женските адолесценти приближно реципрочно извршуваат психичко насилство што секако е во прилог на истражувањата за насилството во адолесцентите врски каде се јавува подеднаква застапеност на извршеното психичко насилство (Bonomi et al., 2012; Rothman et al., 2010; Saewyc et al., 2009; Ramisetty-Mikler et al., 2006).

Наодите покажуваат дека адолсецентите од машки пол **значително во поголем степен известуваат за *доживеано насилство (физичко, психичко, сексуално)* во споредба со женските адолесценти**.

Во однос на *доживеаното психичко насилство,* **меѓу момчињата и девојчињата се јавува приближно подеднакво известување**, што е во склад со

поголем број на истражувања (Bonomi et al., 2012; Rothman et al., 2010; Saewyc et al., 2009; Ramisetty-Mikler et al., 2006).

Во однос на *доживеаното физичко насилство,* **момчињата известиле за поголем степен на доживеаното физичко насилство, во споредба со девојчињата**. Резултатите во однос на доживеаното физичко насилство се во склад и со мета-анализата на Арчер (Archer, 2000) кој укажува на поголема и почеста употреба на физичко насилство од страна на девојчињата. Слични резултати се добиени и во други истражувања каде машките адолесценти известиле за поголема застапеност на доживеаното физичкото насилство (Wolfe et al., 2001; Foshee et al., 1996; Foshee et al., 1998; O'Leary et al., 2008). Одредени автори сметаат дека кога станува збор за сериозни физички повреди како најекстремна манифестација на физичкото насилство, тука секако поголема е употребата од страна на момчињата (Archer, 2000). Физичката агресија и насилство сметаат одредени автори бара кумулативни методи на проценка за да се добијат попрецизни информации (Jouriles, McDonald, Garrido, Rosenfield & Brown 2005).

Во однос на *доживеаното сексуално насилство*, **момчињата известиле за поголем степен на доживеаното сексуално насилство**, во однос на девојчињата. Слични наоди со актуелната студија добиени се и во шпанската студија кои одат во прилог на актуелното истражување (Fernandez-Gonzalez et al., 2013). Поголема застапеност на сексуалната злоупотреба кај машките во однос на женските, покажуваат и резултатите од студијата за злоупотребата и занемарувањето кај децата во Македонија (Raleva, Jordanova Peshevska, Sethi, 2013), направена на адолесценти во средните училишта и факултетите во Република Македонија. Слични наоди во однос на сексуалното насилство се најдени и во рамки на Балканската епидемиолошка студија за злоупотреба и занемарување на децата и младите во нашата земја, (Becan Study, 2012), каде се јавува статистички значајна повисока застапеност на доживеаната сексуална злоупотреба кај машките во однос на женските и тоа кај сите возрасни групи (11, 13 и 16 години ) во истражувањето (Becan Study, 2012). Одреден број студии дебатираат во однос на маскулиноста и потребата од потребата од поголемо известување од страна на момчињата (пр. Cascardi & Avery-Leaf, 2003) или пак дека поголемата експресија на насилството од страна на адолсцентите од женски пол е резултат на одговорот кон агресијата извршена од страна на машките адолесценти (Herrera, Wiersma, & Cleveland, 2008).

Според студијата направена на адолесценти (на 11, 13 и 15 годишна возраст) кај нас, но и во 50-тина други европски земји и во светот, машките значајно повеќе известиле за сексуални искуства одошто женските адолесценти, освен во нордиските земји (Currie et al., 2012). Културолошките обрасци на машките и женските улоги, имаат влијание машките адолесценти да известуваат повеќе за своите сексуални искуства истакнувајќи ја маскулиноста, додека женските адолесцесценти да известуваат помалку. Согласно на резулатите на актуелното истражување, но и другите истражувања се наметнува потребата од понатамошни истражувања во однос на сексуалноста, прифаќањето на насилството и родовите стереотипи со цел да се проучат понатаму обрасците на однесување на машките и женските адолесценти.

*Дискисија на резултатите во однос на поврзаноста на индивидуалните фактори на ризик со извршеното насилство и доживеаното насилство*

Резултатите од ова истражувањето одат во прилог на потврда на хипотезата дека **извршеното насилство кај сите адолесцентите од машки и женски пол е значајно поврзано со следниве индивидуални фактори на ризик: со *прифаќањето на насилството во врската*** (Clarey, Hokoda & Ulloa, 2010; Foshee et al., 2001; Miller et. al., 2009; Vezina et. al., 2007); **со *родовите стереотипи* и** (Reed et. al., 2011; Vezina et. al., 2007); **со користењето на неконструктивни *вештини за разрешување конфликти*** (Capaldi, Knoble, Shortt, & Kim, 2012 Wolf & Foshee, 2003); **со намалување на *самодовербата*** (Vezina et al., 2007; Foshee et al., 2001**); со зголемување на степенот на *агресивноста*** (Clarey et al., 2010) и **со повисокиот степен на *употреба на супстанции*** (Capaldi et al., 2012; Miller et al., 2009; Reyes et al., 2011; Rothman et al., 2010; Rothman et al., 2012 Saewyc et al., 2009; Vezina et al., 2007). Во актуелното истражување резултатите покажуваат дека **сите индивидуални или онтогенетски фактори на ризик, вклучени во истражувањето** се поврзани со извршеното насилство кај сите адолесценти. **Индивидуалните или онтогенетски фактори на ризик** во согласност со теориската рамка на еколошкиот модел на СЗО за насилството и Бронфенбренеровиот еколошки модел, се однесуваат на оние индивидуални својства во развојот на личноста кои го обликуваат одговорот кон другите системи (микросистем или егзосистем стресори) или нивоа на влијание

(ниво на релации, ниво на заедница) особено преку појавата на извршеното насилство во адолесцентните врски.

Во понтамошната анализа на резултатите, кај адолесцентите од женски пол се забележува дека **родовите стереотипи и самодовербата не се поврзани со извршеното насилство**, за разлика од другите фактори на ризик. Секако со тоа се поврзани и претходните наоди во актуелното истражување, според кои машките адолесценти имаат повисок степен на родови стеротипи и пониска самодоверба.

Резулатите во однос на **доживеаното насилство** во согласност со поставените хипотези 3., и 4., пооделно се анализираа за адолсцентите од машки и женски пол. Во согласност со релевантните истражувања и теоретската рамка на еколошкиот модел на СЗО за проучување на насилството и Бронфенбренеровиот еколошки модел, за влијанието на факторите на ризик на индивидуално ниво, или индивидуални својства на личноста кои го даваат одговорот кон другите системи-стресори, наодите во ова истражување **покажуваат значајна поврзаност кај адолесцентите од машки пол во однос на следниве индивидуални фактори на ризик:** ***прифаќање на насилство во љубовна врска, родовите стереотипи, користење на неконструктивни ветини за разрешување на конфликти, агресивноста и употребата на супстанции,*** **а со намалување на** ***самодовербата.*** Помеѓу индивидуалните фактори на ризик, **значајна поврзаност со доживеаното насилство** се јавува во однос со следниве индивидуални фактори на ризик: **со** ***прифаќање на насилство во љубовна*** (Hodzic, 2007; O'Keefe, 1998; O'Keefe, 2005); со повисокиот степен на **прифаќање на** ***родовите стереотипи,*** како и со користењето на **неконструктивни** ***вештини за разрешување конфликти***, со слични наоди и во други истражувања (Draucker et. al., 2012; Hodzic, 2007). Исто така доживеното насилство кај адолесцентите од машки пол е значајно поврзано со **понискиот степен на** ***самодоверба*** (Ackard et. al., 2003; Callahan et. al., 2003; Foshee et. al., 2004; Hodzic, 2007 O'Keefe, 1998; O'Keefe, 2005); **со зголемувањето на** ***агресивноста*** и **зголемената** ***употреба на супстанции,*** во согласност со другите релевантни истражувања (Ramisetty-Mikler, Goebert, Nishimura & Caetano, 2006; Ackard et. al., 2003; Saewyc et. al., 2009; Hodzic, 2007; Testa et. al., 2011).

**Кај адолесцентите од женски пол** во однос на **доживеаното насилство значајна повраност** се јавува во однос на следниве индивидуалните фактори на ризик: ***прифаќањето на насилство во љубовна врска, родовите стереотипи,***

***вештини за разрешување конфликти, агресивноста* и *употребата на супстанции.***

**Доживеаното насилство кај адолесцентите од женски пол** значајно се зголемува со: зголемување на степенот **на *прифаќањето на насилство во љубовна врска*** (Foshee et. al., 2004; Hodzic, 2007); со повисок степен **на *родови стереотипи*** (Foshee et. al., 2004; Hodzic, 2007), со повиск степен на **неконструктивни *вештини за разрешување конфликти*** (Draucker et al., 2012; Hodzic, 2007) и со **зголемената *агресивност*** (Hodzic, 2007). Поголемата ***употреба на супстанции*** е значајно поврзана со доживеаното насилство кај женските адолесценти (Ramisetty-Mikler et. al., 2006; Saewyc, et. al., 2009; Testa et. al., 2011; Vezina et al., 2007). Кај адолесцентите од женски пол, самодовербата како индивидуален фактор не се покажа дека е поврзана во однос на доживеаното насилство.

Во актуелното истражување резултатите пооделно се анализираа за машките и женските адолесценти, имајќи ги превдвид релевантните истражувања за родовите разлики во однос на **индивидуалните фактори на ризик, вклучени во истражувањето,** а поврзани со доживеаното насилство кај адолесцентите. Наодите секако се во согласност со теоретската рамка на еколошкиот модел на СЗО за насилството и Бронфенбренеровиот еколошки модел, кои сметаат дека влијанието на индивидуалните фактори на ризик е мошне комлексен процес за доживеаното насилство во адолесцентните врски.

*Дискусија во однос на предиктори за извршено и доживеаното насилство кај адолесцентите од средната и доцната адолесценција*

Пред младите луѓе во адолесценцијата претстои мошне важна развојна задача, адолесцентите треба да развијат целосно нова форма на интимна врска со лице кое е привлечно за нив, но новата блиска релација е сосем различен образец од оној кој до тогаш го практикувале. Една од задачите во рамки на психосоцијалниот развој е справување со голем број на сложени емоции, како на пример тагата и лутината (Berger, 2011). Доколку на тоа се надоврзат и когнитивните задачи - училишните постигнувања кои стојат пред младите адолесценти, тогаш навистина младиот адолесцент е исправен пред сериозно бројни постигнувања. Неможноста на

адолесцентите да се справат со бројните задачи, но и потребата од испробување на поинакви форми на однесување, потребата од експериментирање, пробаторство на алкохол и droги, доведуваат до поголема употреба на истите. Секако адолесцентите од средната адолесценција во рамки на психо-социјалниот развој, при исполнување на задачите поврзани со справувањето со сложените емоции и воспоставувањето на интимните релации, често прибегнуваат кон употреба на супстанции, особено употреба на алкохолот, кој кај нас сеуште се вклопува во социјално пожелните однесувања. Резултатите од истражувањето покажаа дека ***употребата на супстанции* е** значаен предиктор за ***извршеното и доживеаното насилство*** кај **адолесцентите од средната адолесценција** (Foshee et al., 2001; Reed et al., 2011; Vezina et al., 2007). *Употребата на супстанции* во ова истражување ја зголемува веројатноста на адолесцентите од средната адолесценција за извршување и доживување на насилството во адолесцентните романтични (Hodzic, 2007; Raiford, Wingood & Disclemente, 2007; Testa et al., 2011; Vezina et al., 2007). Овие наоди се во согласност на теорискиот модел – моделот на проксималните ефекти, кој упатува дека интоксикацијата со алкохол или дрога има причинска улога во зголемување на ризикот од извршување или доживување на насилство преку психофармаколошките ефекти врз когнитивната функција (Reyes et. al., 2012).

Промените во периодот на доцната адолесценцијата, според развојната теорија на Ериксон, имаат за цел да го обработат сé она што се случило во претходните развојни фази и да овозможат доизградување на идентитетот, самодовербата, создавање на јасна слика за себе (Erikson, 1976). Адолесценцијата е исполнета со когнитивни и емоционални промени. Тоа е време на самооткривање и откривање на поврзаноста со светот околу себе. За разлика од средната адолесценција каде се развива конфронтирање со постоечките општествени правила, улоги и очекувања на групите на кои се припаѓа, во доцната адолесценција, тие ги разбираат правилата и научуваат како да не ги почитуваат или да ги прекршуваат истите.

Интернализираните ставови во врска со родовите улоги, често стекнати во процесот на социјализацијата преку усвојување на повисок или понизок степен на родови стереотипи влијаат врз однесувањето на адолесцентите во романтичните врски. Адолесцентите кои не умеат да се справат со развивање и усвојување на социјалните вештини во комуникацијата, се чувствуваат отфрлени и изолирани од врсниците и пријателите и не успеваат ниту во остварување на интимните релации. Алтернативното однесување во тие случаи е најчесто агресивното однесување или

деликвентното однесување, поврзано во многу случаи и со лошите училишни постигнувања (Lackovic-Grgin, 2005). Резултатите од ова истражување упатуват дека ***прифаќањето на родовите стереотипи* и *агресивноста***, се значајни предиктори за извршеното насилство кај **адолесцентите во доцната адолесценција,** што секако се потврдува и во релевантните истражувања (Ajdukovik et al., 2007; Capaldi et al., 2012; Foshee et al., 2001; Reed et al., 2011; Vezina et al., 2007). *Родовите стереотипи* и *агресивноста* ја зголемуваат веројатноста за извршено насилство кај адолесцентите од периодот на доцната адолесценција, како што се предвидува во хипотезата и во согласност со теориската развојната рамка на согледување на адолесцентниот развој.

Интернализирањето на културните и општествените норми од страна на младиот адолесцент неминовно водат кон создавање на индивидуален став во прилог на поголемо прифаќањето и оправдување на насилството, кое понатаму влијае врз неговото однесување. Културните и општествените норми се многу влијателни во обликувањето на индивидуалното однесување, вклучувајќи ја и пасивноста кон одговор на насилството. Нормите кои ја поддржуваат и да ја поттикнуваат употребата на насилното однесување во исто време и ја оправдуваат и ја прифаќаат. Секако социјално-културните стандарди и очекувања се мошне значајни за адолесцентниот период. Во ова истражување наодите покажуваат дека кај адолесцентите од периодот на **доцната адолесценција *прифаќањето на насилство во љубовна врска* е значаен предиктор** за **доживеаното насилство**, потврдено и во други релевантни студии (Foshee et al., 2004; Ajdukovik et al., 2007; Hodzic, 2007), кој ја зголемува веројатноста кај адолесцентите за дожувување на насилство, согласно на поставената хипотеза.

*Ограничувања на истражувањето*

Ова истражување за насилството во романтичните врски кај адолесцентите во Македонија, за прв пат ја поставува оваа истражувачка тема и отвора можност за нови понатамошни студии. Сепак, оваа студија има свои ограничувања.

Истражувачките хипотези се проверени само на пригоден примерок, кој иако е релативно голем, не мора да биде репрезентативен, што секако има влијание и на можноста за сигурна генерализација. Исто така, во истражувањето остануваат недостапни токму најранливите категории адолесценти, оние кои не се вклучени во

образовниот процес (односно не посетуваат средно училиште) и оние кои не го продолжиле школувањето по средното образование. Во рамки на актуелното истражување опфатени беа во поголема мера адолесцентите во урбаните општини на град Скопје, но не и средните училишта во рамки во руралните средини или помалите градови.

Во истражувањето беше користен мерен инструмент кој се заснова на самоизвестување од страна на адолесцентите. Тоа секако влијае врз начинот на одговарање во насока на помало или поголемо известување од страна на адолесцентите од машки и женски пол во зависност од тоа што едните или другите сметаат за социјално пожелни одговори.

Поаѓајќи од комлексноста на проучување на феноменот на насилството во адолесцентните романтични врски во контекст на еколошкиот модел, секако треба да споменеме дека во истражувањето се вклучени досега најпроучуваните индивидуални фактори на ризик, согласно на постоечката литература, но сепак не се опфатени сите можни индивидуални фактори на ризик. На пример, недостасува увид во факторите поврзани со училишните постигнувања, социоекономскиот статус, семејно насилство или искуство на злоупотреба во детството кои може да имаат влијание врз доживувањето и извршувањето на насилство кај адолесцентите.

Секако факторите на другите нивоа на влијание, според еколошкиот модел: факторите на ниво на релации и семејство, потоа факторите на ризик на ниво на заедница и на ниво на општество не беа опфатени со ова истражување, а сепак се значајни за сеопфатно проучување на феноменот на насилството во адолесцентните романтични врски.

Во ова истражување беа проучувани адолесцентните врски само кај хетеросексуалните парови. Проучувањето на хомосексуалните врски секако би дало пидонес кон покомлексно проучување на насилството во адолесцентните романтични врски, но тоа бара поинаков и поспецифичен пристап.

*Сугестии за натамошни истражувања, политики и програми*

Утврдувањето на поврзаноста на извршеното и доживеаното партнерско насилство кај адолесцентите во романтичните врски со индивидуалните фактори на

ризик кај адолесцентите и идентификување на некои од предикторите за извршеното и доживеаното насилство, сугерира понатаму поспецифични истражувања, изготвување на политики и стратегии кои се занимаваат со адолесцентите и специфични целни превентивни и интервентни програми и понатамошни чекори кон превенција на насилството во романтичните врски кај адолесцентите.

Факторите на ризик кои се идентификувани како предиктори за извршеното и за доживеаното насилство кои се јавуваат и во средната и во доцната адолесценција кон кои примарно треба да се насочат превентивните политики и програми секако се *прифаќање на родовите стереотипи, агресивноста* и *употребата на супстанции.* Превентивните програми земајќи ги предвид овие фактори на ризик би овозможиле спречување на понатамошна виктимизација, но и извршување на насилството на адолесцентите во зрело доба, градење на квалитетни интимни релации во понатамошното возрасно доба, и промена на ставовите во однос на нормите кои одат во прилог на прифаќањето на насилството. Истражувањата направени во однос на ефектите од превентивните програми насочени кон примарната и секундарната превенција укажуваат на ефективно менување во насока на намалување на нормите на прифаќањето на насилството, родовите стереотипи, и зголемување на свесноста во врска со барање на институционална помош и поддршка (Foshee et al., 2000; Foshee et al., 2005), како и ефектите од раната превенција со цел намалување на степенот на извршеното и доживеаното насилство (Fritz & Slep, 2009; Close, 2005). Едукацијата на младите во врска со здравите односи го намалува извршувањето на насилствто и влијае позитивно врз одредени здрави навики поврзани со репродуктивното здравје (Wolfe et al., 2009b).

Во планирањето на превентивните програми треба да се земат предвид и развојните периоди на адолесцентите, како на пример *употребата на супстанции* како значаен предиктор и за извршеното и за доживеаното насилсво за адолесцентите од периодот на средната адолесценција. Кај ранливите категории адолесценти кои употребуваат супстанции, превентивните ефекти можат да ги потпомогнат клиничките интервенции преку зајакнување на стратегиите за унапредување на социјализацијата, контрола на агресијата и регулирање на темпераментот кај адолесцентите (Giancola & Parker, 2001).

Одредени предиктори пак се дополнително покарактеристични за доцната адолесценција за извршување и доживување насилство, а тоа е: *прифаќање на*

*насилството*, *родовите стереотипи* и зголемената *агресивност*. Програмите за надминувањето на агресивноста, како начин на комуникација, би овозможиле намалување на негативните ефекти во комуникацијата и намалување на виктимизацијата и извршување на насилството. Адолесцентите кои имале искуство на доживеано насилство се разликувале од оние кои немале такво искуство со тоа што значајно повеќе имале симптоми на депресија, анксиозност, емоционално-бихевиорални проблеми и обиди за суицид, што ја наметнува потребата од рани превентивни интервенции смета Силвермен со сор. (Silverman, Reinherz & Giaconia, 1996). Неопходно е програмите да предвидат превентивни и интервентни активности насочени кон раната адолесценција, со цел да се делува превентивно пред да се појават последиците од насилството.

# РЕЗИМЕ

Истражувањето **„Индивидуални фактори на ризик за извршување и доживување насилство во романтичните врски кај адолесцентите“**, претставува претставува самостоен и оригинален труд.

Во поглавјето **Вовед,** се истакнува потребата од истражување на извршеното (психичко, физичко и сексуално) насилство и доживеаното (психичко, физичко и сексуално) насилство во романтичните партнерски врски кај адолесцентите. Истражувањето претставува прв обид на разгледување на романтичните партнерски врски кај адолесцентите и ги поставува истражувачките проблеми и цели, проучувајќи ги карактеристиките, факторите на ризик и значајните предиктори на извршеното и доживеаното насилство кај адолесцентите во партнерска врска.

Преку поглавјето **Теориска позадина**, презентирани се повеќе теориски пристапи во разбирање на партнерското насилството кај адолесцентите, со акцент на теориската рамка на еколошкиот модел на Бронфенбренер и еколошкиот јавно-здравствен модел преку кој се разгледува проблемот на доживеаното и извршеното партнерското насилство кај адолесцентите. Дефинирани се сознанијата за насилството воопшто, за насилството од интимниот партнер и насилството од интимниот партнер во романтичните врски кај адолесцентите. Презентирани се релевантните истражувања во областа на партнерското насилство кај адолесцентите поврзани со факторите на ризик и предикторите на доживеаното и извршеното насилство кај адолесцентите. Од анализата на релевантните истражувања произлегуваат и петте истражувачки хипотези.

Во поглавјето **Метод** објаснети се: примерокот на истражувањето, мерните иснтрументи и варијаблите во истражувањето, постапката и применетата статистичка обработка на податоците. Во истражувањето е применет пригоден примерок на испитаници, вкупно 850 адолесценти (ученици и студенти) кои имале искуство на љубовна врка во последните 12 месеци, од кои 448 (52,7%) се од женски пол и 402 (47,3%) од машки пол, со просечна возраст од 19.76 години. Примерокот опфаќа две групи адолесценти: првата група, ученици, вкупно 410 (48,2%) од средните училишта

и втората група студенти, вкупно 440, (51,8%) од факултетите во Скопје. Во актуелното истражување мерниот инструмент (изготвен во машка и женска верзија) се состои од 10 скали: скалите безбедни врски (Safe Dates Scales) вкупно шест) и тоа: скала на прифаќање на насилството; скала на извршено психичко насилство; скала на извршено физичко и сексуално насилство; скала на доживеано психичко насилство; скала на доживеано физичко и сексуално насилство; скала на вештини за разрешување на конфликти (Foshee et al., 2004), скалата на самодоверба (Rosenberg et al., 1995), скалата на агресивност (Buss et al., 1992), скалата на родови стереотипи (Attitudes towards Women Scale), (Spence, Helmreich, & Stapp, 1973) и скалата за употреба на супстанции (Centres for Disease Control and Prevention, 2013). За проверка на релијабилноста на инструментите (скалите) направено е пилот-истражување и утврден е коефициент на интерната конзистентност. Истото е повторено и во главното истражување при што внатрешната хомогеност е релативно висока за скалите, и се движи од $\alpha$ =.61 до $\alpha$ =.87. При статистичката обработка на податоците се користени дескриптивна статистика, корелација и линеарна регресија. Степенот на статистичка значајност за сите анализи, е на ниво $p$<.05.

Во поглавјето **Резултати,** наодите се презентирани во три дела. Во првиот дел се прикажани резултатите од дескриптивните показатели за извршеното и доживеаното насилство, индивидуалните фактори на ризик, според пол и во рамки на двете развојни групи. Во вториот дел се прикажани резултатите на корелации на индивидуалните фактори на ризик со извршеното и доживеаното насилство кај адолесцентите. Резултатите во однос на *извршеното насилство* покажуваат значајна поврзаност кај адолесцентите од машки и женски пол со: *прифаќање на насилство во љубовна врска, користењето на неконструктивни ветини за разрешување на конфликти, агресивноста* и *употребата на супстанции.* Дополнително, само кај машките адолесценти, поголемите *родови стереотипи* и *пониската самодоверба* се поврзани со поголем степен на извршено насилство. Резултатите во однос на *доживеаното насилство* укажуваат на значајна поврзаност кај адолесцентите од машки и женски пол, во однос на: *прифаќање на насилство во љубовна врска, родови стереотипи, користење на помалку конструктивни ветини за разрешување на конфликти, агресивност и употребана супстанции.* Дополнително кај машките адолесценти, со намалување на *самодовербата* се зголемува *доживеаното насилство.* Во третиот дел, се претставени резултатите од логистичка регресија. Во

истражувањето, како значајни предиктори за извршеното насилство кај адолесцентите од средната адолесценција е потврдена *употребата на супстанции*, а кај адолесцентите од доцната адолесценција, *прифаќањето на родовите стеротипи и агресивноста.* Резултатите покажуваат дека *употребата на супстанции* е значаен предиктор за доживеаното насилство кај адолесцентите од средната адолесценција, додека *прифаќањето на насилство во љубовна врска,* е значаен предиктор за адолесцентите од доцната адолесценција.

Во следното поглавје **Диксусија**, се елаборирани и компаративно анализирани добиените резултати со наодите од слични релевантни истражувања, разгледувани преку теориската рамка на еколошкиот модел на насилството. Во рамки на истото поглавје дадени се ограничувањата на истражувањето и сугестии за натамошни истражувања, политики и програми. Резултатите од истражувањето упатуваат на неопходноста од изготвување на политики и превентивни програми, со цел стекнување вештини за градење квалитетни интимни релации, јакнење на личните капацитети на адолесцентите и намалување на ризиците од доживување и извршување на насилство.

Во поглавјето **Користена литература,** презентиран е изборот на релевантна литература соодветно на областа на истражувањето. Во последниот дел **Прилози** дадени се родителската согласност, ученичката/студентската согланост за учество во истражувањето, и скалите применети во истражувањето.

# EXECUTIVE SUMMARY

The study entitled **"Individual risk factors for dating violence perpetration and victimization in romantic relationships among adolescents"** is presented as independent and original work.

Chapter **Introduction**, indicate the relevance of addressing the dating violence victimization and perpetration in romantic relationships among adolescents. This research is the first attempt to review the romantic dating violence (psychological, physical and sexual) victimization and dating violence (psychological, physical and sexual) perpetration among adolescents and sets research problems and goals. The study objective was to examine: characteristics, risk factors and significant predictors of dating violence victimization and perpetration among adolescents among adolescents Macedonia.

**Theoretical background** chapter presents various theoretical frameworks, with emphasis on the Bronfenbrener ecological model and ecological public health model, through which the problem of dating violence victimization and perpetration among adolescents was addressed. Additionally, relevant body of literature was presented and elaborated about the problem of the violence in general, intimate partner violence and dating violence in romantic relationships among adolescents. Presented are the most relevant studies and meta-analysis in the area of dating violence, including studies related to risk factors and predictors of dating violence victimization and perpetration in adolescents. Five research hypotheses emerge from the analysis of relevant studies and meta-analysis.

The chapter **Method** explains: study sample, measurements and variables included in the study, and applied statistical procedures. Convenient sample of a total of 850 adolescents (high school and university students) who have been in dating relationship in the last 12 months, of which 448 (52,7%) were female and 402 (47,3%) males, with an average age of 19,76 years. The sample includes two groups of adolescents. The first group are high school students (middle adolescence), of total 410 respondents (48, 2%), and the second group are high school students (late adolescence), total of 440 university students (51.8%) from 11 faculties in Skopje. Measures used in the study consist of 10 scales: Safe

Dates Scales (Foshee et al., 2004) as follows: acceptance of violence scale; psychological perpetration scale; physical and sexual perpetration scale; psychological victimization scale; physical and sexual victimization scale; conflicts resolution scale (a total of six, applied in the relevant studies), Rosenberg self-esteem scale (Rosenberg et al., 1995), Buss-Perry aggressiveness scale (Buss et al., 1992), Gender stereotypes scale (Attitudes towards Women Scale), (Spence, Helmreich, & Stapp, 1973) and substance use scale (Centres for Disease Control and Prevention, 2013; Currie et al., 2012). The questionnaire was prepared in two versions (male and female version). Operational defining of variables is based on the instruments used in the study. Cronbach's Alpha was used to verify the reliability of the instruments (scales) in the pilot study. The same is repeated in the main study with internal homogeneity relatively high for the scales, ranges from $\alpha = .61$ to $\alpha = .87$. Statistical procedures used in the statistical analysis of data, were: descriptive statistics, correlation and linear regression. The level of statistical significance for all analyzes was set at $p <.05$. To prove the hypothesis 1., 2., and 3 correlation was used , and to prove the hypothesis 4., and 5., logistic regression was used.

Findings were presented in three parts in the chapter **Results**. The first part present the results of the descriptive statistics regarding the dating violence victimization and perpetration, individual risk factors, by sex and within the two development groups. The second part present the findings of the correlations between the individual risk factors and dating violence victimization and perpetration in adolescents (hypotheses 1, hypothesis 2, hypothesis 3). The results in terms of dating violence perpetration for both males and females adolescent show significant association with: acceptance of violence, the use of less constructive conflict resolution skills, aggression and substance use. Additionally, only in male adolescents, gender stereotypes and lower self-esteem were associated with dating violence perpetration. The results in terms of dating violence victimization of male and female adolescents, indicate significant association in relation with: acceptance of violence in a relationship, gender stereotypes, use of less constructive conflict resolution skills, aggression and substance use. Additionally in male adolescents, lower self-esteem was associated with dating violence victimization. In the third part, consistent with hypotheses 4., and 5., presented were the results of logistic regression in terms of indicating the predictors for dating violence victimization and perpetration in both developmental groups: middle and late adolescence. The study findings show that substance use is a significant predictor of dating violence perpetration in middle adolescence, while for late

adolescence, acceptance of gender stereotypes and aggression are significant predictors for dating violence perpetration. Findings regarding dating victimization show that substance use is a significant predictor for middle adolescence, while acceptance of violence is relevant predictor at late adolescence.

In the next chapter **Discussion**, the author elaborates and comparatively analyze the results with relevant findings from similar studies, reviewed by the theoretical framework of the ecological model of violence. Additionally, within the same chapter are given the limitations of the study and suggestions for further research, policy and programs. The study results addressed the necessity of developing preventive programs. Emphasizes was the need for long-term prevention programs in order to enable development of skills for quality intimate relations, strengthening personal capacities of adolescents and reduce the risk of dating violence victimization and perpetration.

Chapter **References**, depicting of 126 bibliographic units, accordingly presented the relevant body of literature with regards to the violence in general and dating violence victimization and perpetration.

Informed consent and parent consent for adolescents below 18 years provided prior to administering the instruments were presented in the last part **Annex.** Annex with regards the scales implemented in the study was also included in this chapter.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Abrahams, N., & Jewkes, R. (2005). Effects of South African men's having witnessed abuse of their mothers during childhood on their levels of violence in adulthood. *American Journal of Public Health, 95*, 1811–1816.

Ackard, D.M., Neumark-Sztainer, D., & Hannan, P. ( 2003). Dating Violence Among a Nationally Representative Sample of Adolescent Girls and Boys:Associations With Behavioral and Mental Health. *The journal of gender-specific medicine, 6*(3), 39-48.

Ajduković, D., Low, A., & Sušac, N. (2011). Rodne razlike i prediktori partnerskog nasilja u mladenackim vezama. *Ljetopis socijalnog rada, 18* (3) 527-553. doi: 159.922.76-053.6-056.49.

Anderson, C. A., & Bushman, B. J. (2002). Human aggression. *Psychology, 53*(1), 27.

Archer, J. (2000). Sex Differences in Aggression between Heterosexual Partners: A Meta-Analytic Review. *Psychological Bulletin, 126* (5), 651-680. doi:10.1037//0033-2909.126.5.651.

Avery-Leaf, S., Cascardi, M., O'Leary, K.D., & Cano, A. (1997). Efficacy of a Dating Violence Prevention Program on Attitudes Justifying Aggression. *Journal of Adolescent Health, 21,* 11-17.

Bandura, A. Self efficacy: Towards a unifing theory of behavioral Change. (1977). *Psychological Review, Vol 34*, 191-215.

Becan. (2012). *Draft report on Child Abuse and Neglect.* Becan Study.

Belsky, J. (1980). Child maltreatment: An ecological integration. *American Psychologist, 35*, 320-335.

Belsky, J. (1993). Etiology of child maltreatment: A developmental ecological analysis. *Psychological Bulletin, 114*, 413–434.

Belsky, J., & Jaffee, S.R. (2006). The Multiple Determinants of Parenting. In Cicchetti, D., & Cohen, D.J. (Eds.) *Developmental Psychopathology*, (38-85), New Jersey: John Wiley & Sons, Inc., Hoboken.

Berger, K. S. (2011). *The developing person through the life span.* New York: Worth Publishers.

Bonomi, A.E., Anderson, M.L., Nemeth, J., Bartle-Haring, S., Buettner, C., & Schipper, D. (2012). Dating violence victimization across the teen years: Abuse frequency, number of abusive partners, and age at first occurrence. *Biomedical Central, Public Health, 12,* 637. doi:10.1186/1471-2458-12-637

Bonomi, A.E., Anderson, M.L., Nemeth, J., Rivara, F.P., & Buettner, C. (2013). History of dating violence and the association with late adolescent health. *Public Health, 13,* 821-830.

Butchart, A., Harvey, A. P., Mian, M., Furniss, T. (2006). *Preventing child maltreatment: a guide to taking action and generating evidence.* Geneva: World Health Organization and International Society for Prevention of Child Abuse and Neglect.

Butchart, A., Garcia-Moreno, C., & Mikton, C. (2010). *Preventing intimate partner and sexual violence against women: taking action and generating evidence.* Geneva: World Health Organzation.

Bronfenbrenner, U. (1979). *The ecology of human development: Experiments by nature and design.* Cambridge, MA: Harvard University Press.

Bronfenbrenner, U. (1993). Ecological model of human development. *International Encyclopedia of Education, 3.*

Brown, J.D., Dutton, K.A., & Cook, K.E. (2001). From the top down: Self-esteem and self-evaluation. *Cognition and Emotions, 15* (5), 615–63.

Buss, A. H., & Perry, M. P. (1992). The aggression questionnaire. *Journal of Personality and Social Psychology, 63*, 452-459.

Callahan, R. M., Tolman, M. R., & Saunders, G. D. (2003). Adolescent dating violence victimization and psychological well–being. *Journal of Adolescent Research, 18*(6), 664-681.

Capaldi, D. M., Knoble, N. B., Shortt, J.W., & Kim, H.K. (2012). A Systematic Review of Risk Factors for Intimate Partner Violence. *Partner Abuse, 3*(2), 231–280. doi:10.1891/1946-6560.3.2.231.

Cascardi, M., & Avery-Leaf, S. (2003).U.S. Department of Justice, The National Institute of Justice. *Violence against women: Synthesis of research for secondary school officials* (201342).

Centers for Disease Control and Prevention. (2012). *Understanding intimate partner violence.* Превземено на 12 јуни, 2012 од http://www.cdc.gov/violenceprevention/pdf/ipv_factsheet-a.pdf

